

Интервју со Ангелчо Илиевски:

Смисла, радост, вера... – седум слики во една вечер



Значително унапредени правата на малцинствата во Хрватска

# Македонски глас

Година XXII 2014.
НОЕМВРИ – ДЕКЕМВРИ
STUDENI – PROSINAC
ЦЕНА 5 кн

ISSN 1333-7769

БРОЈ 92



За Денот на ЗМРХ богатство на настапи и уникатен фолклор



75 години од Рациновите „Бели мугри“



Дваесет години промоција на македонскиот јазик и култура во Осиек

# caffetin COLD®

# caffetin COLDmax®

**Za ublažavanje simptoma prehlade i gripe**




**Tableta ili topli napitak, izbor je Vaš!**




*paracetamol*
*pseudoefedrin*
*dekstrometorfan*
*vitamin C*

*paracetamol*
*fenilefrin*

- POVIŠENA TJELESNA TEMPERATURA
- GLAVOBOLJA
- BOL U MIŠIĆIMA
- GRLOBOLJA
- CURENJE IZ NOSA
- SUHI KAŠALJ

1-2 tablete 4 puta na dan

- POVIŠENA TJELESNA TEMPERATURA
- GLAVOBOLJA
- BOLOVI
- GRLOBOLJA
- ZAČEPLJENOST NOSA

Sadržaj vrećice otopiti u čaši tople vode
uz miješanje i popiti, ne više od 4 vrećice kroz 24 sata

ALKALOID
*Health above all*

OGL-904-01-10-2014-HR

Prije upotrebe pažljivo pročitati uputu o lijeku.
Za obavijesti o indikacijama, mjerama opreza i nuspojavama upitajte svog liječnika ili ljekarnika.

# PROCULIN®

Za Vaše oči

## KAPI ZA OKO (naphazolinum)

- Kod alergijske upale očiju
- Kod crvenila i svrbeži očiju

1-2 kapi, 4 puta dnevno

## TEARS (umjetne suze)

Medicinski proizvod

- Vlaži i štiti suhe oči

1 kap u oko 2-3 puta dnevno

## LENS (otopina za leće)

Medicinski proizvod

- Za sve vrste kontaktnih leća
- Preporučuje se za osjetljive oči
- Antibakterijska kutija




ALKALOID
*Health above all*

PRIJE UPOTREBE PAŽLJIVO PROČITATI UPUTU O LIJEKU ILI MEDICINSKOM PROIZVODU.
ZA OBAVIJESTI O INDIKACIJAMA, MJERAMA OPREZA I NUSPOJAVAMA UPITAJTE SVOG LIJEČNIKA ILI LJEKARNIKA

OGL-080-01-08-2013-HR

**GLASILO ZAJEDNICE MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ**

**СПИСАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА**

Главна и одговорна уредничка:
МИЛЕНА ГЕОРГИЕВСКА

Заменик на главната и одговорна уредничка:
ЕЛИЗАБЕТА ПЕТРОВСКА

Уредништво:
Компјутерска обработка: Владо Чакмак
Лектура: Марија Георгиева-Петриќ
Секретар и коректор: Елизабета Петровска

Редакциски одбор:
Васил Тоциновски
Тинка Барбутов Крстева
Мирјана Мајиќ

Редакција:
Елизабета Петровска – Загреб
Јулијана Младеновска Тешија – Осиек
Васил Тоциновски – Риека
Елена Кипровска Кнежиќ – Задар
Биљана Митревски – Сплит
Тодор Брдарски – Пула

Ovo se glasilo tiska sredstvima iz Državnog proračuna RH posredstvom Savjeta za nacionalne manjine pri Vladi RH.

Nakladnik: Zajednica Makedonaca u Republici Hrvatskoj, Zagreb, Masarykova 16/1
Matični broj: 3805760
OIB: 07739533563
Žiro račun: PBZ – IBAN: HR6023400091100038804
Tel./Fax: (01) 48 72 655
web: www.zmurh.hr
e-mail: zajednica.makedonaca1@zg.t-com.hr
zmurh.hr@gmail.com

За издавачот: Илија Христодулов
Печат: М-Принт д.о.о. Загреб

Temeljem odredaba čl. 58. st. 3. Zakona o javnom informiranju RH (N.N. br. 22/1992) novine su prijavljene i registrirane pod br. 421 u Ministarstvu kulture i prosvjete, Sektor informiranja, dana 14.7.1993

Prema mišljenju Ministarstva kulture i prosvjete Republike Hrvatske broj 532-03-1-7-94-01 od 10. svibnja 1994. ova tiskovina je oslobođena plaćanja poreza na promet.

ЗАБЕЛЕШКА: Коментарите објавени на страниците на ова списание со потписи на авторите се мислења на истите и не секогаш го одразуваат мислењето на Уредништвото. Уредништвото е одговорно само за текстовите без потпис. Материјалите испратени на нашата адреса стануваат сопственост на списанието, освен ако за тоа претходно е постигната поинаква согласност.

**ЕХО НА ВРЕМЕТО**

**Агол на уредникот**
**Urednikov kutak**



# Почеток

На почетокот сме на една нова година пред која сме си задале одредени цели - индивидуални, но и колективни. Ние во Заедницата на Македонците во Република Хрватска имаме свои очекувања, но и задачи кои се пред нас. Но, тоа за нас не претставува почеток во вистинска смисла на зборот како што тоа ќе биде, на пример, со случајот со новата хрватска претседателка Колинда Грабар Китаровиќ, која е пред вистински почеток на вршење државничка работа, туку континуитет на она што го реализираме со години station наназад, а сè со цел зачувување на својот идентитет надвор од Република Македонија.

Е сега, и ние имавме свој почеток, кога благодарение на неколку ентузијасти Македонци беше формирано првото Македонско културно друштво во Хрватска, а потоа и Заедницата на Македонците во РХ. И така се редат годините, се слават јубилеи, кои порано, кои подоцна. Во овој број одбележуваме 20 години од формирањето на Македонското културно друштво „Браќа Миладиновци“ од Осиек. Исто така, се сеќаваме на македонско-хрватските врски воспоставени поодамна преку Браќата Миладиновци и Ј. Ј. Штросмаер, па на Кочо Рацин и 75 години од објавувањето на неговата култна книга „Бели мугри“, која светлото на денот го доживеа токму во Хрватска, во Самобор.

И уште еден почеток во оваа година. Имено, во уште едно основно училиште во Загреб е отворена настава на македонски јазик. Станува збор за училиштето „Аугуст Харамбашиќ“, со што во хрватскиот главен град има две училишта каде се организира настава на македонски јазик. Тоа е уште еден доказ дека живееме во држава каде навистина ги уживаме сите права како национално малцинство.

Милена Георгиевска
(m.georgievska@gmail.com)

# За 2015 година нема да има намалување на средствата од државниот буџет

*Со одлука на Владата на РХ, со ребалансот за 2014 година не се намалени средствата предвидени за националните малцинства, а за 2015 година се задржани во ист износ како и во 2014 г. Дополнително се одобрени уште 2 милиони куни за потребите на албанското, бошњачкото и ромското национално малцинство, бидејќи кај нив е утврдено и најголемо зголемување на нивните припадници помеѓу двата пописа на населението во Р. Хрватска*



Советот за националните малцинства на Република Хрватска на 5 декември 2014 година ја одржа својата 60. седница со присуство на членовите на Советот и парламентарните застапници. На седницата стана збор за информации за ребалансот на државниот буџет на Република Хрватска за 2014 година и предлогот на државниот буџет на Република Хрватска за 2015 година со осврт на планираните средства за проектите на националните малцинства. Исто така, на дневен ред се најде и именувањето на членовите на Комисијата за распределување на средствата за невладините здруженија на националните малцинства, потоа именување на Комисија за отворање на пријавите на предлозите за остварување на културната автономија на националните малцинства на Р. Хрватска за 2015 г., како и информација во врска со изборите за Совети и претставници на националните малцинства во Р. Хрватска.

Претседателот на Советот за националните малцинства на Република Хрватска, Александар Толнауер, ги информираше членовите на Советот дека со одлука на Владата на РХ за 2014 година нема да има намалување со ребаланс на средствата предвидени за националните малцинства, а за 2015 година се задржани во исти износ како и 2014 г. Дополнително се одобрени уште 2.000.000,00 куни за потребите на албанското, бошњачкото и ромското национално малцинство, бидејќи кај нив е утврдено и најголемо зголемување на нивните припадници помеѓу двата пописа на населението во Р. Хрватска.

Во понатамошниот дел на работата беа именувани членови на Комисијата за расподелување на средствата за невладините здруженија на националните малцинства и членовите на Комисијата за отворање на пријавите на предлозите за остварување на културна автономија на националните малцинства на Р. Хрватска за 2015 г. кои останаа анонимни за широката јавност, со цел да се избегне притисокот што евентуално би го правеле кандидатите за средства преку своите проекти и програми.

Во врска со изборите за Совети и претставници на националните малцинства во Р. Хрватска беше речено дека се очекува да бидат распишани во средината на јуни, меѓутоа засега сè уште не се обезбедени средства за нивно спроведување за што Советот едногласно ја предупреди Владата. Се надеваме дека овој предлог ќе се прифати на време. Исто така, се расправаше и за Владината уредба за критериумите, мерилата и постапките за финансирање и договарање на проекти и програми за општо добро кое го спроведуваат здруженијата на националните малцинства, а која ја предложи Владината канцеларија за здруженија, по што се донесе заклучок дека оваа уредба не одговара на реалната ситуација во малцинскиот сектор на здруженија и дека со ова се прави обид да се заобиколи Советот и да се омаловажи и Уставниот закон за правата на националните малцинства во РХ. Советот за националните малцинства на Република Хрватска подготви реагирања кои ќе се најдат во најскоро време на дневниот ред на Клубовите на националните малцинства во Хрватскиот сабор.

Биљана Митревски

# Значително унапредени правата на малцинствата



*На семинарот што се одржа во Загреб стана збор за значењето на „Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства“ и нејзината примена во практиката*

На 22 декември 2014 година во хотелот „Дубровник“ во Загреб се одржа Семинар за спроведување на „Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства“ во Република Хрватска. Овој семинар заедно го организираа Канцеларијата за човекови права и права на националните малцинства на Владата на Р. Хрватска и Советот за националните малцинства на Република Хрватска.

Семинарот беше посветен на „Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства“, пред сѐ затоа што и Хрватскиот сабор ја потпиша оваа повелба во 1997 година и од тогаш редовно се следи и нејзината примена во Р. Хрватска. Со овој семинар се укажа на големата важност од потпишувањето на овој меѓународен документ и неговата примена со која значително се унапредија правата на националните малцинства во Р. Хрватска.

За значењето на овој документ укажуваа и присутните претставници на Хрватскиот сабор и на Владата на Р. Хрватска, претставници на Уставниот суд на Р. Хрватска, пратениците на националните малцинства во Хрватскиот сабор, членови на Советот за националните малцинства на Р. Хрватска, претставници на надлежните министерства и канцеларии, претставници на здруженија и совети на националните малцинства, како и претставници на академската и меѓународната заедница и експерти за наведената област. Пред сите наведени да ги спомнеме само Бранко Сочанец, директор на Канцеларијата за човекови права и права на националните малцинства на Владата на Р. Хрватска, Александар Толнауер, претседател на Советот за националните малцинства на Република Хрватска, малцинските пратеници во Хрватскиот сабор, проф. д-р Милорад Пуповац и Нецад Хоџиќ и проф. д-р Синиша Таталовиќ, советник на претседателот на Република Хрватска.

За спроведување на наведената конвенција своите извештаи ги поднесоа претставниците на Министерството за управа, Министерството за правосудство, Министерството за наука, образование и спорт, Министерството за култура, Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи и европски интеграции, Државната канцеларија за обнова и станбено згрижување и Канцеларијата на народниот правобранител. По нивните исцрпни известувања се направи и работна анализа на истите со што беше и прифатено ова четврто Известување за спроведување на „Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства“ во Република Хрватска.

Биљана Митревски



UGO COOL SERVIS j.d.o.o



Specijalizirani servis za održavanje, ugradnju i servisiranje ugostiteljskih aparata (rashladnih komora, hladnjaka, klima uređaja, konvektomata, perilica posuđa, kuhinjskih napa, električnih i plinskih štednjaka i pećnica, aparata za kavu te ostale ugostiteljske opreme)

**Tel.: ++385 1 6040 103; Faks: ++385 1 6040 100; E-pošta: ugocool@icc.hr; Mob.: 099 676 2859**

# Хуманитарен Божикен саем





Традиционалниот хуманитарен *Божикен саем* што го организира Меѓународниот клуб на жени во Загреб и оваа година се одржа на 7 декември на загрепскиот „Велесаем“. Саемот официјално го отвори сопругата на претседателот на Хрватска, Татјана Јосиповиќ, а учество зедоа 42 земји со голем број штандови на коишто, по симболична цена, се продаваа изворни ракотворби, играчки, книги, облека, накит и разни производи од нивните земји, како и домашно подготвени национални јадења. Собраните приходи беа наменети за купување на медицинска опрема за Одделот за неонатологија при Клиничката болница „Св. Дух“ во Загреб.

На *Божикниот саем* повеќето земји учествуваа со своите дипломатски претставништва. И Македонската амбасада имаше свој штанд на кој Кристина Колоска Шкварч, Тинка Барбутов Крстева и Анка Рабузин, облечени во колоритна македонска народна носија, презентираа и продаваа рачно изработени сувенири, козметички производи, книги, храна, пијалаци и други производи карактеристични за Македонија. Производите беа донирани од македонските здруженија од Хрватска и од реномирани фирми од Македонија како што се „Алкалоид“ и „Тиквеш“, а со нивната продажба беа собрани околу 7000 куни. Македонскиот штанд го посети и Татјана Јосиповиќ, а амбасадорката Даниела Караѓозоска и подари неколку македонски производи.

За време на саемот беше одржана и културно-уметничка програма на која настапи и популарниот етно состав, вокалната група „Езерки“.

Е. П.

# Денови на македонската култура





Македонско-хрватското здружение за промовирање на културните вредности и врски „Спектрум“ на почетокот на декември 2014 година во Загреб ја одржа културната манифестација *Денови на македонската култура*. Во рамките на манифестацијата беа одржани две трибини.

Во соработка со Катедрата за македонски јазик и книжевност на Филозофскиот факултет при Универзитетот во Загреб, на 3 декември се одржа трибината под назив *Состојбата на македонскиот јазик во јужна Албанија и северозападна Грција (Извештај од едно патување на научната финско-македонска екипа во јужна Албанија и северозападна Грција, период: јуни, 2014).* Трибината ја водеше проф. д-р Људмил Спасов од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а се одржа во конгресната сала на библиотеката при Филозофскиот факултет во Загреб. Втората трибина беше организирана следниот ден на 4 декември во загрепската библиотека „Аугуст Цесарец“ под наслов *Божикните обичаи кај Македонците*. Присутните ги поздрави претседателката на здружението „Спектрум“, Славица Коретиќ, а трибината ја водеше дипл. етнолог Моника Баниќ.

Е. П.

# Зајакнување на младите припадници на малцинствата



Едукативниот дводневен семинар на тема *Оспособување и интеграција на млади припадници на националните малцинства* што го организира Канцеларијата за човекови права и права на националните малцинства на РХ во соработка со Советот за националните малцинства на РХ, годинава се одржа на 4 и 5 декември во Марија Бистрица. На семинарот учествуваа 12 припадници на неколку национални малцинства, а македонското малцинство го претставуваше Ивана Лазаревска, професор и членка на МКД „Охридски бисер“ од Загреб.

Семинарот се организира со намера за зајакнување на младите припадници на малцинствата. Целта е нивно информирање за можностите што се нудат и ширење на капацитетите за активно учество во развојот на сопствените заедници, како и поврзување и создавање претпоставки за нивно заедничко дејствување во решавањето на тековните проблеми. Предавањата и работилниците опфатија бројни излагања и дискусии од неколку области: заштита на малцинските права, образование на јазикот и писмото на малцинствата, вработување на младите, спречување на дискриминацијата, рамноправност на половите и слично. За темите говореа Нада Јакир од Министерството за наука, образование и спорт на РХ, Марија Халиќ од Хрватскиот завод за вработување, Силвија Трговец Грeиф од Канцеларијата на народниот правобранител, Ина Волмут од Канцеларијата за родова рамноправност и други. Работилниците ги водеше Клаудија Крегар Орешковиќ од Канцеларијата за човекови права и права на националните малцинства на РХ.

Е. П.

# Пријателска средба

За време на посетата на Загреб, претседателот на Заедницата на Хрватите во РМ, Фрањо Ипша и поранешниот прв македонски амбасадор во Букурешт и потпретседател на Собранието на РМ, а сегашен претседател на македонскиот Франкофонски круг од Скопје, Благој Зашов со сопругата Лилјана ја посетија и Заедницата на Македонците во РХ на 19 ноември 2014 година во нејзините простории, остварувајќи заедничка пријателска средба.

Гостите ги пречекаа потпретседателот на Заедницата на Македонците во РХ и претседател на МКД „Охридски бисер“ од Загреб, Благој Штерјов, претседателот на Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб, Томе Апостолоски и други членови. Тие на гостите им ги презентираа своите бројни активности, изразувајќи задоволство со положбата на македонското национално малцинство во Република Хрватска.

За разлика од Македонците во Хрватска, претседателот Ипша немаше толку пофални зборови за статусот на Хрватите во Македонија. Тој изрази надеж и очекување дека сепак во догледно време и во Македонија ќе почнат да се применуваат одредбите на потпишаната Меѓудржавна спогодба за правата на националните малцинства во Хрватска и Македонија, со која се подобрува и регулира статусот на националните малцинства во двете земји, се дефинираат нивните права и се олеснува работата на асоцијациите на националните малцинства. Претседателот Зашов зборуваше за работата на невладината организација Франкофонски круг од Скопје и за реализацијата на нивните проекти со инволвирање на младите и со поддршка на европските фондови.



Средбата заврши во срдечно дружење со желби за подобрување на контактите меѓу здруженијата и интензивирање на меѓусебната соработка, а потпретседателот Штерјов на гостите им подари неколку примероци на „Македонски глас“ и книги во издаваштво на ЗМРХ.

Е. П.

# Смисла, радост, вера, надеж, љубов, чест, грев – седум слики во една вечер

*Ангелчо Илиевски, дипломиран млад режисер од Македонија, предбожиќно на осиечката театарска сцена ја постави контроверзната претстава на македонскиот драмски автор Дејан Дуковски „ММЕ кој прв почна“. Обоена сосем лично и парано(л)ично, претставата се одигрува во седум сцени, седум хоризонтални кругови и седум вертикални бегања кои сакаат да го пронајдат оној дел од нас кој денешниот свет го истиснал и проголтал: искрениот, детскиот, насмеаниот, полн со надеж.*



Низ претставата младите осиечки актери имаа можност да се запознаат со поинаков театар и да го почувствуваат темпераментот на југот преку водството на режисерот Илиевски, млад маж со поглед и глас на искусен старец.

**Донесовте необичен текст. Кој не го читал, може да остане збунет. Нели е малку тежок за Македонците надвор од татковината кои очекуваат родољубие и хумор, а не кафкијански дилеми и бекетовски заплети? Од каде идејата за оваа претстава?**

Историјата меѓу мене и текстот е подолга. Со ММЕ ме поврзуваат емоциите. Тоа е текст на гнев кон човештвото, ама и текст на надеж, кој отвора многу прашања, од тоа што нè прави несреќни, до тоа зошто сме полни со желба за казнување и себе казнување, мазохизам. На овој текст мислев уште кога размислував околу тоа што ќе биде мојата дипломска претстава. Ама тогаш не беше време за неа. Дејан Дуковски е поетичен и автор кој во своите текстови внесува мноштво архетипски сцени кои бараат препознавање и доза на зрелост (пример: првата сцена е парафраза на „Чекајќи го Годо“, четвртата на сцената од „Вишновата градина“ помеѓу Лопахин и Варја, шестата на Ричард Трети и Леди Ана и слично). Ова лето се створи за неа и време и место. И како, и со кого.

## Магистерска теза

**Зошто во Осиек и како дојде до соработката со МКД „Браќа Миладиновци“?**

Ова лето дојдов во посета на Осиек, а преку вујко ми стапив во контакт со Друштвото. Од Друштвото добив понуда за 20-тиот роденден на МКД „Браќа Миладиновци“ да направам претстава. Тие понудија соработка со Уметничката академија од Осиек која пак со задоволство ја прифати како одлична меѓународна соработка. Работам со студентите од завршните години на магистерско ниво (студенти од 4 и 5 година) на кои оваа претстава им е или магистерска теза или колоквиум (зависно која година на студии се).

**Како ќе ја опишете соработката со студентите?**

Одлична! Прекрасна! Тринаесет студенти се вклучени во претставата и заедно целата екипа успеавме да направиме одлична претстава, а воедно и да ја изградиме сценава од нула! Знаете, овде немаше ништо (покажува со рака), ни завеси, ни рефлектори, ни столици! Сè наместивме сами и сега Студентскиот дом има своја мала сцена која ќе може да ја користи и во иднина. Посебно и благодарам на Катица Шубариќ која ми е асистентка на оваа претстава. Соработката ни е одлична.

**Имате доста превирања околу тоа каде ќе се одржи претставата.**

За жал... Прво сакавме и разговараме со ХНК Осиек, но ништо од тоа не се оствари. Ни се понудија од Домот на ХВ во Осиек ама не одговараа сцената и просторот, а и времето за проби. Како последна алтернатива излезе Студентскиот дом.

## „Мртви души“

**Претставата е преведена на хрватски. Зборува ли, сепак, некој од актерите македонски?**

Да, еден од актерите, во една сцена. Еден млад студент игра Македонец кој заминува во Германија, во Витенгерг. Зборува одлично! Со сосем правилен акцент.

**Секој режисер оваа претстава ја поставува поинаку... Текстот нуди простор за личен пристап. Кој е Вашиот?**

Хоризонтални кругови и вертикални пресекувања, линии каде се зборува од агол на „мртви души“, грешки и грево-

ви, и вертикали кои упатуваат на можноста „дека има нешто подобро“, тонење во себе како губење и будење, како освестување на внатрешните гласови... Реплика водилка за претставата ми беше „Доста е! Ќе биде подобро.“ Мислам дека пристапот во претставата на овие актери им донесе едно сосема поинакво искуство коешто го немале претходно. Пристапот во Скопје и во Осиек е сепак различен. Ние многу внимание и посветуваме на анализата на текстот, длабоко и прецизно се обидуваме да одговориме драматуршки на она што е идејата на авторот, ја раскажуваме приказната, ја градиме на сцена со целосен, стопроцентен ангажман и наоѓаме најблиски едноставни и креативни решенија. Не може поинаку. Театарот не е професија! Тој е живот! Будно око на општеството. Медиум низ кој се гледа, мери, премерува ама и се бори против неговите аномалии. А сцената е простор на слобода на изразувањето, постоењето...

**Што со претставата откако ќе заминете за Македонија?**

Таа и припаѓа на мојата екипа и на Уметничката академија и веќе имаме најави за гостувања во Загреб, во ЗКМ и во театарот „Гавела“ во јануари. Јас сум пресреќен со тоа!



Јулијана Тешија

# ММЕ – крик за освестување, повик за соочување со грешките, молба за трошка надеж



Во полумрак и апсолутна тишина, со внимание кое можеше да се почувствува на кожата – така беа проследени двете изведби (12 и 13 декември 2014 година) на култната македонска претстава „Маме му е... кој прв почна“ на еден од најекспонираните драмски автори од Македонија, Дејан Дуковски.

Во Осиек ја постави младиот и талентиран режисер Ангелчо Илиевски кој со оваа претстава, веруваме, почнува сопствена плодна кариера. Во соработка со Уметничката академија во Осиек, претставата е воедно и дипломски труд на двајца студенти на завршната година по глума и кукларство, Доминик Каракашиќ и Адам Скенциќ, а под менторство на вонредниот проф. Роберт Рапоња. Во претставата играат и Кристина Фамчовиќ, Сара Лустиг, Нино Павлековиќ, Вања Јовановиќ, Горан Вучко, Петра Цицвариќ, Петра Шариќ, Лука Бјелица, Сара Мозер и Маријана Матоковиќ, а настапот на осиечкиот виолинист Кирил Наумов музички се преплетуваше со актерите во четвртата слика. Асистентка на режисерот е Катица Шубариќ, воедно и асистентка на УАОС, а за сценографијата беше задолжена Кристина Мариќ, студентка по ликовни уметности.

Оваа претстава која повеќе од десетолетие континуирано се игра во Македонија, во Осиек се прикажува за прв пат. Две вечери од 20 часот, осиечката публика која ја преполни малата импровизирана сала во СТУЦ која не можеше да ги прими сите кои сакаа да ја гледаат претставата, имаше прилика на час и половина да ѕирне во таинствениот свет на Дејан Дуковски. А тој свет на осиечките штици како лавина ги покрена прашањата на апсурдноста на живеачката, стравовите, комплексите, лагите, бесмисленоста на страстите без љубов и омразата без надеж. Полна со алузии и алегории, метафори и знаци, со длабоко изградени ликови и комплексни односи, а сепак едноставна во естетскиот пристап, оваа претстава е во самиот врв на новата европска субверзивна драма.

Таа е воедно и роденденска кулминација на МКД „Браќа Миладиновци“ кое оваа година одбележува 20 години од своето постоење. Уште една новина е и тоа што текстот за прв пат е преведен на хрватски јазик. Преводот го направи Јелена Лужина.

Јулијана Тешија

# Дваесет години промоција на македонскиот јазик и култура


„Танец“ од Осиек со „Билјана платно белеше“



*На 22 ноември 2014 година во Осиек се одржа роденденски концерт за паметење. МКД „Браќа Миладиновци“ одбележи две децении пријателство и дружење, учење и негување на својот јазик, зачувување на својот идентитет, негување на фолклорната и на музичката култура, како и упатување на најмладите да продолжат со овие активности за да не се заборават потеклото, традицијата, историјата и врските со татковината*

Деновите на македонската култура на МКД „Браќа Миладиновци“ започнаа со три изложби: онаа на ракотворби, накит и украси на етно секцијата „Везилки“; на слики и икони во масло на нашиот член Фрањо Бољешиќ од Осиек; и на стари македонски разгледници и пригодни коверти „Македонија: така далечна, а така блиска“ кои ги поврзуваат македонскиот и хрватскиот народ, на Драгољуб Сиљаноски од Нашице.

Отворањето на изложбите и роденденскиот концерт ги поздрави д-р Жељко Краљичак, заменик жупан во Осиечко-барањската жупанија, кој во своето обраќање ја истакна важноста од негувањето на „идентитетот кој е основа за градење на добри и трајни меѓунационални и меѓудржавни односи, а најдобар пример за тоа е МКД „Браќа Миладиновци“ кое дваесет години допринесува за добрите македонско-хрватски односи.“

## Пријателство и дружење

Што значат дваесет години? Некому можеби малку. Нам – многу. Ни значат пријателство и дружење, учење и негување на својот јазик, зачувување на својот идентитет, негување на фолклорната и на музичката култура, како и упатување на најмладите да продолжат со овие активности за да не се заборават потеклото, традицијата, историјата и врските со татковината.

Концертот помина во најдобар можен ред. Се изменуваа настапите на најмладите, со оние на постарите, домашните со гостите, фолклорот се преплетуваше со пеењето и свирењето, а солистите со дуетите и хорот. Се слушаа и македонски, но и хрватски и српски песни и ритами, а публика им аплаудираше на сите подеднакво, зашто сите тоа го заслужија. Гости имаше многу. За жал, амбасадорката на Република Македонија во Република Хрватска, Даниела Караѓозоска, од оправдани причини, не успеа да дојде. Имено, иако тргната на пат и со најдобра намера да дојде на настанот, заради проблеми со автомобилот, остана на третина од патот, пред Славонски Брод и мораше да се врати во Загреб.

„Горди сме што дваесет години ја претставуваме нашата татковина во Осиек и пошироко, на своето македонско членство, но и на сите други народи и малцинства, пријатели на нашиот јазик и култура, кои се дел од нашата мултикултурна заедница“, истакна во своето поздравно обраќање претседателот на Друштвото, Борис Трајановски.

Овие зборови ги потврди видео проекцијата „Нашите 20 години“ која низ фотографии кои го овековечуваат секој настан, ни направи пресек на сите активности кои ги одбележале богатите дваесет години работење и дејствување на МКД „Браќа Миладиновци“ во Осиек и во цела Хрватска, но и на бројни гостувања во Македонија, Србија и Босна и Херцеговина. Видео проекцијата ја подготвија Јагода Тренеска Цветичанин и Јосипа Мијачанк, а беше направена на темелите на првата проекција која за 15-от роденден (во 2009 година) ја подготви Сања Бузациќ.

На подиумот, пред повеќе од стотина гости, најнапред се претстави членовите на детската секција „Бисерчиња“ со претставата „Заљубитис“ која ја прилагоди нивната водителка Јасминка Пландер. Учениците по македонски јазик од ОУ „Вијенац“ од Осиек, пак, се претстави со песничките „Чувајте ја водата!“ на која солистка беше малечката Рута Ма-





рија Велешанов и „Кога сите луѓе на светот“, во придружба на клавијатури од нивната учителка по македонски јазик, Јагода Тренеска Цветичанин.

## Богата програма

Потоа, настапи мешаниот хор „Вардарки“ (водителка Јагода Тренеска Цветичанин) под диригенство на Слободан Цветичанин и во инструментална придружба на „Т'га за југ“, со сплет македонски песни. Оваа комбинација од 13 песни од богатото музичко творештво на македонскиот народ како што се „Среде Скопје Вардар тече“, „Каранфило моме филфило“, „Се посврши сербес Донка“, „Рум, дум, дум“ и многу други, на најдобар начин ја претстави колоритноста и ритмичната разноликост на македонскиот мелос. Компилацијата го носи авторскиот потпис на Слободан Цветичанин.

Инструменталистите „Т'га за југ“ под водство на Кирил Наумов на виолина, се претстави со сплет македонски ора. Со својата виртуозност, членовите на оваа секција уште еднаш покажаа дека „кога малите раце ќе се спојат“ настанува уметничко чудо: Славен Баторек на клавијатури, Огњен Здравковиќ на гитара, Игор Црњек на бас гитара, Роберт Тешановиќ на удиралки и Данијел Лојан на тапан, заедно со Кирил Наумов на виолина, ги пленија срцата на присутните.

Во своето дваесетгодишно постоење, Друштвото постојано ја негува соработката со културно уметничките друштва и со другите организации од Осиек но и пошироко, гостувајќи и канејќи на гости други друштва. И овој концерт не беше исклучок од традицијата: така, пред осиечката публика во саботната вечер се претстави и српското културно уметничко друштво од Даљ „Бранко Радичевиќ“ со кореографијата „Влашки игри“ и здружението од Осиек „Шокачка грана“ со сплет песни и дивани „Од славонскиот сокак“.

Нашиот фолклор го претставија дамите од секцијата „Танец“ кои предводени од Мирта Гало во текот на вечерта настапија два пати: еднаш на средината на концертот со кореографијата „Кумановско поле“ и вториот пат пред самиот крај, со прекрасната „Билјана платно белеше“. Како и секогаш, тие покажаа и докажаа, дека не се важни годините за да се танцува со страст и љубов, а за тоа беа наградени со голем аплауз.

Младите членови, Давид Ѓорѓијевски со „Јовано Јованке“, Јосипа Мијачанк и Давид како дует со „Да го спасиме светот“ и Анамариа Жагар која им се придружи на Јосипа и Давид во изведбата „Македонско девојче“, го затворија овогодишниот концерт.

Дружењето заврши со доделување на благодарници на членовите на Друштвото и на нашите пријатели и гости, и песна и гозба во просториите на Месната заедница.

Јулијана Тешија





# Палета на активности

## „Македонија: така далечна, а така блиска“



Изложбата на стари македонски разгледници и пригодни коверти „Македонија: така далечна, а така блиска“, кои го поврзуваат македонскиот и хрватскиот народ, на Драгољуб Сиљаноски од Нашице, пред осиечката публика беше претставена два пати: на роденденскиот концерт на 22 ноември и пред почетокот на претставата „ММЕ кој прв почна“ на 12 декември 2014 година. Во таа пригода, воведно за изложбата говореше Горан Коров, магистер по историја и предавач на Универзитетот „J. J. Штросмаер“ во Осиек.

Овој наш член уште еднаш покажа дека љубовта кон татковината и уметноста не се на две спротивни страни, туку напротив, поврзани, проткаени. Неговите разгледници зборуваат за историјата не само на Македонија, туку уште повеќе, за врските меѓу Македонија и Хрватска зашто овие разгледници патувале од едната кон другата татковина неколку десетлетија од дваесеттиот век.

## Како се станува режисер? А актер?



Изабела Саркиќ го нацрта А. Илиевски

Тоа беа прашањата што учениците по македонски јазик од ОУ „Вијенац“ во Осиек му ги поставуваа на гостинот режисер Ангелчо Илиевски од Скопје. Тој со задоволство ја прифати поканата на нивната учителка Јагода Тренеска Цветичанин да присуствува на 8-ми ноември во училиштето и со своето присуство да им ги доближи професиите актер и режисер. Интересно беше да се слушне за неговите почетоци на глума уште во средното училиште во Кочани. Тој им укажуваше на правилниот изговор, на акцентите и јасната дикција, но пред сè на глумата: со него глумеа и Нивес, и Елена, и Теодора кои демонстрираа како може да се покаже тага, среќа, сериозност... Најмалите, пак, Нико, Анастазија и Изабела го нацртаа „чичкото режисер“ и заслужија автограм.



Учениците и учителката Јагода заедно со А. Илиевски

## Учениците по македонски јазик на Денот на ОУ „Вијенац“

На 1 декември учениците по македонски јазик настапија на Денот на ОУ „Вијенац“ кој се одржа во Студентскиот центар. Така, сценската програма „Мојот град – мој свет“ беше збогатена со настапот на учениците по македонски јазик со песничката „Да ја чуваме водата“ во соло изведба на Рута Марија Велешанов. Заедно со училишниот хор својот настап го заокружија со хрватската песна „Кога сите луѓе на светот, како сите деца на светот“. За настапот ги подготви нивната учителка по македонски јазик, Јагода Тренеска Цветичанин.

## Денови на македонскиот филм

На 27 и 28 декември во просториите на Организацијата на музички изведувачи беа прикажани два македонски филма: „Трето полувреме“, инспириран од вистински случки во Македонија за време на бугарската окупација во Втората светска војна; и вториот „Бал-кан-кан“, македонски филм во италијанска копродукција, црна комедија: Македонија во дваесет и првиот век. Обата филма режисерски ги потпишува Дарко Митревски. Првиот е еден од најновите филмови на Митревски, а вториот и е добро познат и на осиечката публика. На обете проекции, салата на ОГИ беше полна, а публиката задоволна.

Јулијана Тешија



# Денови на хрватска книжевност во Македонија






Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ од Скопје (НУБ) во соработка со Националната и универзитетска библиотека од Загреб, организираше *Денови на хрватска книжевност во Македонија*. На манифестацијата која што се одржа на 20 и 21 ноември 2014 година во просториите на НУБ во Скопје, беа организирани неколку настани: изложба на книги преведени од хрватски на македонски јазик во последните две децении, книжевна средба со тројца хрватски автори, трибина на тема *Современи македонско-хрватски книжевни релации и модели на пласман и афирмација на македонската и хрватската книжевност во други средини*, како и потпишување Договор за соработка меѓу двете библиотеки.

На свеченото отворање на манифестацијата се обратија директорите на двете национални библиотеки, д-р Иван К. Заров и Дуња Сајтер-Шверко. Беседа за хрватската книжевност имаше проф. д-р Венко Андоновски, а извадоци од своето творештво читаа гостите книжевници од Хрватска, д-р Хелена Саблиќ-Томиќ, Бранко Чегец и Владимир Стојсављевиќ. Изложбата, пак, која опфати стотина вредни дела, пред многуте посетители ја отвори хрватскиот амбасадор и македонист Златко Крамариќ.

Вториот ден, во Центарот за конференции и студии на НУБ, директорите на двете национални библиотеки потпишаа Договор за меѓусебна соработка, а потоа се одржа и трибината, чиј модератор д-р Венко Андоновски, инаку професор на Филолошкиот факултет во Скопје кој го предава предметот *Нова хрватска книжевност*, зборуваше за значењето на хрватската литература. На трибината зедоа учество и авторите од Хрватска и повеќе писатели, професори, издавачи и преведувачи од Македонија, а истата беше отворена и за сите заинтересирани кои би можеле да дадат придонес со свои искажувања.

Оваа важна манифестацијата имаше за цел меѓусебно приближување и запознавање на книжевностите на Македонија и Хрватска, односно да се потврди и поддржи потребата за размена и превод на врвни книжевни дела, како и отворање нови можности за уште поплодна културна соработка.

Е. П.





# „Етноимпресии од Скопје“



Во рамките на манифестацијата „11. Денови на македонската култура“ која што МКД „Билјана“ секоја година традиционално ја организира во Задар, се одржа претставување на книгата „Етноимпресии од Скопје“, која произлезе како плод од теренската настава на професор д-р Сњежана Зориќ од Одделот за етнологија и културна антропологија и нејзините студенти, во соработка со Институтот за етнологија и антропологија од Скопје. Теренската настава се одржа токму во Скопје во 2012 година, а изминатиот период уредниците на книгата проф. д-р Зориќ и студентот Горан Леденчан напорно работеа на обработка на трудовите и самото издавање на книгата.

Претставувањето на оваа публикација се одржа во Научната библиотека во Задар на 12 декември, а во улога на претставувачи се појавија Мирјана Мајиќ, како претседател на МКД „Билјана“, која го организираше целиот настан, Горан Леденчан како еден од уредниците на публикацијата и воедно со свој труд во самата книга, Ив Брзоја студент на Одделот за етнологија и антропологија, проф. д-р Дуња Брозовиќ Рончевиќ раководител на Одделот за етнологија и антропологија и Елена Кипровска Кнежиќ член на МКД „Билјана“. Промоцијата ја отвори Мирјана Мајиќ која кажа неколку зборови за соработката на МКД „Билјана“ со студентите и професорите од овој оддел која што започна пред една година, а до сега роди големи резултати.

Мајиќ накратко ја претстави книгата, а во контекст на темата во која протагонист е градот Скопје со сета своја културна, верска и етнолошка разноликост, таа прочита поезија од една од своите збирки која го носи насловот „Скопје“.

На настанот беа прикажани реални слики од Скопје, па присутните кои немале можност да го посетат градот, добија инспирација за следното патување. Исто така, стана збор и за темите како што се македонскиот идентитет и неговата криза, поканата на племето Хунзи во Македонија, антагонизмот меѓу Албанците и Македонците, Мајка Тереза како фигура која ги надминува културните и верските разлики, проектот „Скопје 2014“, кој дигна голема прашина и во Македонија и во соседството, положбата на муслиманската жена во Скопје. Елена Кипровска Кнежиќ на покана на самите студенти, како родена Скопјанка која од близу ги доживеала горе споменатите феномени изнесе свои размислувања во врска со самите трудови но и за личните доживувања и ставови за истите теми.

Елена Кипровска Кнежиќ

# Месец на книгата и Ден на издаваштвото

Научната библиотека во Задар оваа година имаше чест да прослави три различни поводи на ист ден. Имено на 21 ноември – Денот на градот Задар, Научната библиотека го одбележа и Месецот на книгата во Задар, а воедно ја отвори и изложбата „Издаваштвото на задарското подрачје“ („Izdavaštvo na zadarskom području“). Изложбата традиционално секоја година се одржува во организација на Научната библиотека, а на настанот се дава преглед на издаваштвото во текот на изминатите 365 денови во целиот задарски регион.

На случувањето, беа поканети претставници на МКД „Билјана“, со кои Научната библиотека веќе долго време успешно соработува. Присутните имаа прилика да видат изложени примери од сите книги, збирки поезија, романи, стручни прегледи, каталози и други видови на издадени дела што се издале во текот на изминатата година. Така, своето место го најде и книгата „Етноимпресии од Скопје“ во уредништво на




професорката Сњежана Зориќ од Одделот за етнологија и културна антропологија во Задар и нејзиниот студент Горан Леденчан, а меѓу изложените плакати за минатите случувања присутните можеа да го видат и плакатот за проекцијата на филмот „Придонес на Македонците во Татковинската војна на Хрватска“ кој предизвика голем интерес кај јавноста.

Е. К. К.

# Денови на глаголицата во Истра

*Во МКД „Св. Кирил и Методиј“ велат дека секоја година за „Деновите на глаголицата“ посетуваат по некој дел на Истра каде има останато нешто напишано со глаголица, како сведок на живеењето и патувањата на светите браќа Кирил и Методиј*





Културната манифестација „Денови на глаголицата во Истра“ се одржа на 15 ноември 2014 година во организација на Заедницата на Македонците во РХ и МКД ИЖ „Св. Кирил и Методиј“ од Пула, под покровителство на Советот за националните малцинства на РХ, Истарската жупанија и Град Пула. Настанот започна со посета на Саемот на младо маслиново масло во Водњан, каде беа присутни македонската амбасадорка во Хрватска, Даниела Караѓозоска, претседателот на ЗМРХ, Илија Христодулов, почесниот конзул на РМ во Риека, проф. д-р Горан Калоѓера, претседателот на МКД „Св. Кирил и Методиј“, Тодор Брдарски, како и членовите на Друштвото од Пула. Оваа прилика беше искористена заедно со домаќините, директорот на саемот и градоначалникот на Водњан, Клаудио Витасовиќ, покрај дегустацијата на младо маслиново масло и вкусни деликатеси од овој регион, да се поразговара и за политичката и стопанската состојба во двете држави – Македонија и Хрватска.

Потоа, заедно со гостите претставниците на Заедницата на Србите во Истра, претставниците на Бошњаците и КУД на Црногорците од Пероj беше посетена конобата „Крцули“, каде како добредојде на вратата со глаголица беше напишано „Kulturna manifestacija Dani glagoljaša u Istri“.

Во МКД „Св. Кирил и Методиј“ велат дека секоја година за „Деновите на глаголицата“ посетуваат по некој дел на Истра каде има останато нешто напишано со глаголица, како сведок на живеењето и патувањата на светите браќа Кирил и Методиј. Програмата започна со песната „Среде Скопје“ во изведба на мешовитиот хор на МКД „Св. Кирил и Методиј“ под водство на проф. Бисерка Кухта. Во име на Друштвото, Михаела Златеска ги поздрави присутните гости, а потоа им се обрати и конзулот Калоѓера, на чија иницијатива се одржа средба на стопанственици од Македонија со стопанственици од Приморско-горанската и Истарската жупанија. Претседателот на ЗМРХ и претседател на МКД „Илинден“ од Риека, Илија Христодулов, со кратко излагање ги поздрави гостите и ги запозна со организираното дејствување и активностите на Македонците во Хрватска. За животот и делото на браќата Кирил и Методиј говореше проф. д-р Васил Тоциновски, а глаголското писмо поопширно го објасни етно музичарот Драго Драгузет, член на Друштвото од Пула и добар познавач на глаголицата.

Во музичкиот дел од програмата, хорот на МКД „Илинден“ отпеа песна за Кирил и Методиј, по што настапи и пејачката група на Црногорците од Пероj. Со свои песни читани на дијалект од Истра, Лабинштина и Мали Лошињ се претставија поетесите Иванка Арефијев и Авелина Дамијаневиќ. За работата на МКД „Св. Кирил и Методиј“ говореше претседателот на Друштвото, Тодор Брдарски, а ги поздрави присутните и со песната „Калеш бре Анѓо“.

Со одлука на Управниот одбор на Друштвото и со поддршка на претседателот на ЗМРХ, Илија Христодулов, беше собрана донација за изградба на Македонската православна црква во Загреб.

Тодор Брдарски



## РАЦИНОВ ДЕН И ДЕН НА ЗМРХ





# Прославени 75 години од печатењето на Рациновите „Бели мугри“

Трајното пријателство меѓу Македонија и Хрватска беше одново потврдено во саботата, на 29 ноември 2014 година во Самобор, каде Заедницата на Македонците во Република Хрватска и МКД „Охридски бисер“ од Загреб организираа две значајни културни манифестации, *Рациновиот ден – Бели мугри* и *Денот на Заедницата на Македонците во РХ*. Покровители на овие културни манифестации беа Советот за националните малцинства на РХ, Поглаварството на Град Самобор и Самоборскиот музеј.

Кочо Рацин, кој во далечната 1939 година токму во Самобор, во печатницата на Драгутин Шпулер ја отпечати стихозбирката *Бели мугри* на македонски јазик, трајно го задолжи македонскиот народ да го велича неговото дело. Во чест на јубилејот 75 години од излегувањето на стихозбирката и со почит кон овој основоположник на македонската современа литература кој цврсто го трасираше патот кон македонскиот литературен јазик, Македонците во Хрватска го обновија споменот што ја поврзува сегашноста со минатото и со иднината на вековното македонствување.

Со полагање на венци пред бистата на Кочо Рацин во паркот на Самоборскиот музеј, својата почит ја изразија македонската амбасадорка во Република Хрватска, Даниела Караѓозоска, претседателот Илија Христодулов и потпретседателот Ангел Митревски во името на Заедницата на Македонците во РХ, претседателот Благој Штерјов и потпретседателот Цветко Поповски во името на МКД „Охридски бисер“, претседателот Томе Апостолоски во името на Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб, како и други претставници од македонските асоцијации и од Град Самобор. По овој свечен чин следеше и посета на музејот во кој беше изложена поставка посветена на Кочо Рацин каде, меѓу другото, посетителите можеа да видат оригинален примерок на едно од првите изданија на збирката *Бели мугри* и да ги запишат своите импресии во книгата на впечатоци.






# Спој на традиционални и современи македонски ритами





Свеченоста продолжи во кино салата на Народното отворено училиште Самобор. По изведбата на химните и поздравниот говор на македонската амбасадорка Даниела Караѓозоска, заменичката на претседателот на Градскиот совет на Град Самобор, Маја Грачанин и претседателот на Заедницата на Македонците во РХ, Илија Христодулов, им беа доделени благодарници на директорот на Самоборскиот музеј, Мирослав Милоњиќ, на поранешниот претседател на ЗМРХ, Орце Ламбевски и на проф. д-р Васил Тоциновски за несебичното залагање, придонес и афирмација на Заедницата на Македонците во РХ. Честитки и поздравни пораки по повод одржувањето на манифестациите упатија и хрватскиот претседател д-р Иво Јосиповиќ, претседателот на Хрватскиот сабор, Јосип Леко, претседателот на Советот за националните малцинства во РХ, Александар Толнауер и други. Потоа, проф. д-р Васил Тоциновски одржа беседа за животот и делото на македонскиот поет и револуционер Кочо Рацин, особено осврнувајќи се во своето излагање за значењето на стихозбирката *Бели мугри* како врвен дострел на Рациновото творештво.

*Денот на Заедницата на Македонците во РХ* е манифестација која низ богата културно-уметничка програма ја презентира работата на македонските културни друштва во составот на ЗМРХ. Во двочасовната програма што ја водеше Марија Георгиева-Петриќ присутните уживаа во спојот на традиционалните и современите македонски ритами, во препознатливите народни песни и ора, во детските рецитали на македонски јазик, во живописниот фолклорен колорит на секциите... Срцата не можеа, а да не заиграат на *Брала мома капини* во изведба на мешаниот хор на МКД „Св. Кирил и Методиј“ од Пула, или на *Пајдушкото оро* заедно со фолклорната група на МКД „Македонија“ од Сплит, или на песната *Земјо македонска* што ја отпеа пејачката група *Моми бисерни* при МКД „Охридски бисер“ од Загреб. И монодрамата *Ах, таа младост* на Мирјана Мајиќ од МКД „Билјана“ од Задар предизвика добро расположение кај публиката, но најголемо воодушевување и громогласни аплаузи секако измамија најмладите од МКД „Илинден“ од Риека со рециталот *Тутуноберачите*, јуниорскиот квартет на мандолини при МКД „Македонија“ од Сплит со инструменталот *Јовано, Јованке* и учениците од изборната настава по македонски јазик од ОУ „Никола Тесла“ од Загреб со рециталот *Прошетка низ Македонија*.

И покрај сивиот и мошне студен ноемвриски ден, споменот на Кочо Рацин и македонскиот музички фолклор со сиот свој ентузијазам и страст, енергија и жесток ритмички пулс, но и елеганција и уникатност, и овој пат, успеаја да ги стоплат срцата и освојат чувствата на двата пријателски народа – македонскиот и хрватскиот.

Елизабета Петровска





# Загреб е горд на своите национални малцинства





Традиционално со манифестација по повод *Меѓународниот ден на човековите права*, на 14 декември 2014 година во малата сала на КД „Ватрослав Лисински“ во Загреб се одржа *Денот на Координацијата на советите и претставниците на националните малцинства за Град Загреб*, со што се одбележи 11 години од основањето на 9 совети и 9 претставници од вкупно 22 национални малцинства во Град Загреб.

На свеченоста се изрази задоволство од работата на Координацијата како пример на добра пракса за заштита на положбата на националните малцинства преку учеството во јавниот живот и управувањето со локалната самоуправа.

- Со заеднички напори на сите малцинства преку Координацијата постигнавме тие да имаат одлична соработка со Град Загреб. Загреб предничи со позитивните резултати на припадниците на националните малцинства и со тоа дојде до зголемување на нивниот број во однос на другите жупании, што се забележува од последниот попис на населението, нагласи претседателот на Координацијата, Золтан Балаж-Пири.

Претседателот на Советот за националните малцинства на РХ, Александар Толнауер, смета дека советите и претставниците на националните малцинства ја одработија својата советодавна улога во изминатиот период и дека е сега време за нивно учество во процесите на донесување одлуки. Исто така, потребно е конечно решавање на прашањето за правната положба на малцинствата, а бидејќи 2015 е изборна година, треба да се обрне посебно внимание на изборите за советите и претставниците на националните малцинства.

- Загреб е горд на своите национални малцинства и сесрдно ја поддржува работата на Координацијата, нагласи заменичката на градоначалникот на Град Загреб, Сандра Шваљек.

Меѓу бројните гости од политичкиот и верскиот живот на Град Загреб, присуствуваа и Нецад Хоџиќ, претседател на Клубот на застапниците на националните малцинства во Хрватското собрание, Томе Апостолоски, претседател на Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб и други претставници на малцинствата и медиумите.

Во културниот дел настапија женскиот хор *Булбули* на КДБХ „Препород“ од Загреб, децата од унгарската група на детската градинка „Поточница“, српското малцинство со КУД „Просвјета“ од Загреб, баритонот Патрик Андреја во клавирска придружба на проф. Сандра Буриќ од албанското малцинство и мешаниот пејачки хор *Лира* на Еврејската општина од Загреб. Внимателно одбраната програма и импресивните изведби ја воодушевија публиката во преполната сала, по што следеше пријатно дружење.

Е. П.





# Мајка Тереза – Светица на темнината



Во рамките на културната манифестација *Денови на Мајка Тереза* што се одржа од 13-17 ноември во Загреб, Бјеловар и Риека, на 13 ноември во загрепскиот сатиричен театар *Керемпух*, премиерно се одигра претставата *Мајка Тереза – Светица на темнината*. Манифестацијата беше реализирана под покровителство на Албанската католичка мисија



во Хрватска и на Советите на македонското и албанското национално малцинство за Град Загреб, а претставата е под покровителство на Град Загреб и на македонската, албанската и косовската амбасада во РХ.

*Светица на темнината* премиерно беше изведена во јуни во Народниот театар во Сараево. Драмата е во режија и адаптација на Градимир Гојер, според текстот на македонскиот писател, есеист и професор на македонската и хрватската книжевност на Филозофскиот факултет во Скопје, Венко Андоновски, а насловната улога ја толкува познатата театарска, телевизиска и филмска актерка Костадинка Велковска. Станува збор за мошне поетска претстава која го прикажува животот на добитничката на Нобеловата награда за мир, Мајка Тереза, силните емоции, добрината, енергијата и љубовта на оваа голема жена и хуманитарка која им помагаше на немоќните и слабите, на сите луѓе без разлика на нивната вера и раса.

Покрај Костадинка Велковска, во оваа меѓународна претстава настапуваат и Ирена Муламухиќ, Аида Буква, Сташа Дукиќ, Мухарем Осмиќ, Алија Аљовиќ, Илир Тафа, Душан Бугарин, Тибор Ореч, Градимир Гојер и Ахмед Дувњак.

На претставата во Загреб присуствуваше и авторот на текстот, Венко Андоновски. Публиката во преполната сала на театарот воодушевено ги награди актерите со громогласен аплауз, а генералниот викар на Призренската бискупија д-р дон Луш Ѓерѓи за прекрасната изведба на претставата им даруваше по примерок од неговата книга *Мајка на љубовта*.

Е. П.

# Промоција на Хрватско-македонскиот разговорен прирачник

На 13 ноември на отворената сцена на саемот на книги *Интерлибер* на Загрепскиот велесаем, беше претставен првиот *Хрватско-македонски разговорен прирачник*. Прирачникот го издаде Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб во соработка со издавачката куќа „Доминовиќ“, а преводот и воведниот дел го потпишува Марија Георгиева-Петриќ, судски преведувач за македонски јазик.

Пред присутните на саемот ова вредно дело го промовираа директорот на издавачката куќа „Доминовиќ“, Недиљко Доминовиќ, Марија Георгиева-Петриќ и претседателот на Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб, Томе Апостолоски. На промоцијата присуствуваа македонската амбасадорка во Хрватска, Да-




ниела Караѓозоска, почесниот претседател на Заедницата на Македонците во РХ, Никола Гроздановски, претседателот на МКД „Охридски бисер“, Благој Штерјов, Диана Машала Перковиќ и Љерка Галиќ од Хрватската матица на иселеници и други.

Едноставната концепција на овој разговорен прирачник сигурно ќе им помогне на сите оние кои сакаат полесно да комуницираат и да се служат со македонскиот јазик, но и да дознаат нешто повеќе за македонската култура, традиција и обичаи. Тој пред сè, наменет е на деловни луѓе и туристи кои ја посетуваат Македонија, но може да им послужи и на сите останати корисници во Хрватска што сакаат да го научат македонскиот јазик. Прирачникот е уште една добра врска меѓу хрватскиот и македонскиот народ и ќе претставува голема помош во сите прилики на користење, без оглед на степенот на познавањето на македонскиот јазик.

Е. П.



# Македонците ја бранеа Хрватска бидејќи ја сметаа за своја татковина

*Документарниот филм „Придонес на Македонците во Татковинската војна“ беше прикажан пред шибенската публика и предизвика големо внимание во јавноста*



Документарниот филм „Придонес на Македонците во Татковинската војна“ од авторката Мирјана Василева својата промоција ја доживеа и во Шибеник. Имено, на 4 декември во мултимедијалната сала на градската библиотека „Јурај Шижгориќ“, пред бројни македонски, но и хрватски гости и релевантни личности од Градот Шибеник и Шибенско-книнската жупанија, низ бројни сведоштва на Македонци бранители кои се ставија во одбрана на Република Хрватска беше претставено ова филмско остварување кое предизвика интерес во пошироката јавност.

Иницијатори за претставување на филмот во Шибеник беа Милена Георгиевска, главен и одговорен уредник на „Македонски глас“ и Сашо Георгиевски (здружение Македонско-хрватска тангента), новинар во МКД.мк, во соработка со Хрватското новинарско друштво од Шибенско-книнската жупанија.

Министерот за бранители Предраг Матиќ го пофали филмот преку пораката што ја испрати за неговата промоција, а претседателот на Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб, Томе Апостолоски, допатува во Шибеник за да присуствува на претставувањето на филмот, кој е снимен со финансиска поддршка токму на Советот за македонското национално малцинство на Град Загреб.

- Идејата за филмот се роди за да остане белег за нашите деца и внуци, да се види дека ние сме овде во Хрватска и дека живееме со другите граѓани на оваа земја, истакна Томе Апостолоски и при тоа кратко ги запозна присутните со активното организирано дејствување на Македонците во Република Хрватска, заблагодарувајќи ѝ се на Хрватска што Македонците како национално малцинство ги консумираат сите права во зачувувањето на својот идентитет.

Во поздравната порака што ја упати хрватскиот амбасадор во Република Македонија, г. Златко Крамариќ, тој истакна: „Овој филм е голем доказ и сведоштво дека хрватските граѓани препознаа она што се случуваше за време на Татковинската војна. Тогаш македонските граѓани во Хрватска се приклучија во нејзината одбрана и тоа не смее да се заборави. Нека овој филм биде доказ за победа на културата на памтење над културата на заборавот. Македонците докажаа дека Хрватска ја чувствуваат како своја втора татковина.“

Создавањето на филмот го поздравија и заменикот жупан Зоран Смолиќ и заменикот градоначалник Никица Пенцер, кои во своите обраќања им се заблагодарија на Македонците кои се бореле за одбрана и слобода на Република Хрватска.

Идејата на филмот, како што посочува авторката Мирјана Василевска, новинарка во Македонската телевизија која за време на Татковинската војна била дописник во Хрватска, е да се забележи, да не се заборави и никогаш да не се повтори она што се случувало.

Милена Георгиевска



# МКД „Охридски бисер“ на Црногорска вечер



На 25 ноември 2014 година загрепското Друштво на Црногорците и пријателите на Црна Гора „Монтенегро“, во Домот на Чешка беседа во Загреб организираше Црногорска вечер. Во богатата културно-уметничка програма настапуваа хорот на Чешка беседа Загреб „Бохемија“, хорот на Заедницата на Русите во Хрватска „Рјабинушка“, пејачката група „Моми бисерни“ при МКД „Охридски бисер“ од Загреб, хорот „Булбули“ при Културното друштво на Бошњаците во Хрватска „Препород“ и пејачката група на Друштвото на Црногорците и пријателите на Црна Гора „Монтенегро“.

Програмата ја водеа Миланка Булатовиќ и Јадранка Шинцек, која е воедно и членка на „Моми бисерни“. Групата под водство на Сафиудин Алимоски, а во придружба на Александар Качуров на пијано и Ѓулијана Алимоски на флејта при музичката секција на Друштвото, настапи со неколку македонски народни песни меѓу кои беше и познатата „На Струга дуќан да имам“, за која беа наградени со долг аплауз од бројната публика. На крајот од вечерта сите учесници заедно ја отпеаја песната „Još ne sviće rujna zora“, со желба и ветување оваа приредба на мултикултурно заедништво во иднина да прерасне во традиција.

Е. П.

# Традиција која нѐ поврзува

Иовогодина во Културниот центар Дубрава во Загреб на 13 декември се одржа манифестацијата *Традиција која нѐ поврзува*. Станува збор за етно работилница која ги прикажува божикните обичаи на Хрватите и на националните малцинства во Град Загреб. Манифестацијата беше во организација на „Народното свеучилиште Дубрава“, а учествуваа претставници на словенското, бугарското, словачкото, полското и македонското национално малцинство.

Иако некои обичаи се слични, сепак, има и специфични



традиции. Со негувањето на обичаите за Бадник и Божик, тие остануваат да живеат меѓу народот. Членовите на Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб и МКД „Охридски бисер“ од Загреб со македонска традиционална носија, коледарски песни, бадниково дабово гранче, кравајче со паричка, божикна трпеза и други македонски обичаи ги презентираа македонската култура и обичаи.

Со цел прифаќање и почитување на другите култури, се гради позитивен став кон сопственото националното наследство, што особено ги поттикнува децата и младите да учествуваат во вреднувањето на сопствената традиција.

Е. П.

# Среќно во Новата 2015 година!

Членовите на МКД „Охридски бисер“ од Загреб и оваа година на 19 декември традиционално со новогодишна прослава во просториите на Друштвото ја испратија старата година, која по многу нешта можеше да биде наречена година на бројни успешни активности. Низа манифестации и настани беа реализирани, а некои од проектите ќе бидат актуелни и во наредната година. Не беше секогаш едноставно, но упорноста и посветеноста се исплатеа. Тоа меѓу другото, се должи на добрата организација на Друштвото, како и на плодната соработка со другите македонски асоцијации и останатите културни друштва.

Во годината што е пред нас МКД „Охридски бисер“ ќе го прослави својот 10-годишен јубилеј од основањето. Исто така, големи се очекувањата да се вложат повеќе напори за интензивирање на работата на секциите, особено за изучувањето на македонскиот јазик, фолклорот и другите активности што ќе ги привлечат помладите генерации. Тоа ќе биде нов поттик за успех во промовирањето на македонската култура и традиција на овие простори. На прагот на 2015 година со желби за добро здравје, среќа и благодат,



претседателот на Друштвото, Благој Штерјов, им ги честита на присутните претстојните новогодишни и божикни празници. Прославата продолжи во весела атмосфера со македонска музика и богата трпеза со вкусни специјалитети и пијалаци.

Е. П.

# Десетто јубилејно одбележување на Денот на човековите права

*Овој ден има значење не само за малцинствата, туку и за самиот Град Сплит кој на овој начин го покажува и своето мултинационално богатство кое го има со своите малцинства*

Традицијата се одржа и оваа година, кога по десетти пати со пригодна свеченост се одбележа „10. Декември – Денот на човековите права“, во организација на Координацијата на советите на националните малцинства и претставниците на истите во Град Сплит. Централната свеченост се одржа традиционално во ресторанот „Болеро“ во Сплит на 7 декември 2014 година.




Прославата се организираше под покровителство на сплитскиот градоначалник Иво Балдасар во чие име на присутните им се обрати шефот на кабинетот на Град Сплит, Драго Давидовиќ. Во својот говор тој го истакна значењето на тој ден не само за малцинствата, туку и за самиот Град Сплит кој на овој начин го покажува и своето мултинационално богатство кое го има со своите малцинства.

Во името на Советот на националните малцинства на Република Хрватска, присутните ги поздрави Веселко Чакиќ, потпретседател на Советот на националните малцинства, кој во своето обраќање кон присутните укажа на значењето на овој ден за сите припадници на националните малцинства во Град Сплит и во Република Хрватска. Тој нагласи и дека и присуството на бројните Хрвати на оваа свеченост докажува дека малцинствата во Сплит се добро примени и дека нема примери на никаква дискриминација.

Последната негова констатација за интегрираноста и асимилацијата доби потврда во музичкиот дел на прославата која ја водеше познатата меѓународна водителка Олга Барбир со својот репертоар на песни и ора од сите домицилни држави на присутните малцинства. Од Словенечките „попевки“, преку босанските „севдалинки“, до македонските „песни и ора“, унгарскиот „чардаш“ па и рускиот „казачок“ – за секого по нешто, до касно во ноќта.

Биљана Митревски

---

# „Убавините на Скопје...“ во Сплит



Во рамките на културната соработка помеѓу Р. Македонија и Р. Хрватска, како и во рамките на меѓуинституционалната соработка, а во состав на манифестацијата „Македонска културна есен“, на 12.12.2014 година во организација на Ј.У Домот на култура „Кочо Рацин“ од Скопје и МКД „Македонија“ од Сплит, до 12 јануари беше отворена изложбата „Убавините на Скопје низ историјата – Скопје на палетата на уметниците“ во просторот на МКД „Македонија“ во Сплит.

На изложбата се претставени дела на 12 ликовни уметници од Македонија во повеќе ликовни техники (масло на платно, акрилик на платно, колаж, цртеж, графика, комбинирана техника, акварел, *реди-меид* објект, фотографија и видео). Помеѓу учесниците се: м-р Билјана Јовановска, м-р Искра Беличанска, Маја Рауник Кирков, Јакуп Хајро, м-р Весна Радишиќ, м-р Шќипе Мехмети, м-р Петра Јовановска, Ацо Таневски, Ива Јосифова, Афердита Кики, Божидар Тодоровски Бодле и Мелка Николовска. По повод отворањето на изложбата, во присуство на претставници од кабинетот на градоначалникот на Град Сплит, претставници на МКД „Македонија“ од Сплит, претставници на Управниот Одбор на Домот на култура „Кочо Рацин“ од Скопје, на присутните им се обрати претседателот на МКД „Македонија“, Ангел Митревски. За делата на уметниците говореше кураторот на изложбата – историчар на уметност и автор на предговорот во каталогот кон изложбата, Виолета Калиќ. Изложбата ја прогласи за отворена директорот на Домот на култура „Кочо Рацин“ од Скопје, Сафет Камбери, кој заедно со Митревски по повод отворањето на изложбата дадоа и интервјуа за Хрватската државна телевизија (ХРТ 1 за ТВ емисија „Призма“), која го проследи и самото отворање на изложбата. Оваа поставка се очекува да биде претставена во повеќе градови во Хрватска. Манифестацијата е реализирана и поддржана и од Советот за националните малцинства на Р. Хрватска.

Биљана Митревски

# Смотра на културното творештво

На 7 декември 2014 година во Домот на хрватската војска во Сплит се одржа петтата Смотра на културното творештво на националните малцинства на Град Сплит под покровителство на градоначалникот на Град Сплит, Иво Балдасар, кој и самиот присуствуваше на оваа манифестација.




„Драги мои Сплиќанки и Сплиќани, велат национални малцинства, а јас по сто ти пат ќе повторам, ма какви национални малцинства – вие сте мои сограѓанки и сограѓани, по потекло од соседните краеви, кои сите нас овде заедно нè обогатувате со вашите традиции кои сте ги донеле од вашите родни места и матични држави. Навистина многу нè облагородивте со тоа“, рече градоначалникот Балдасар во својот поздравен говор во кој им ја честита на сите петтата манифестација која се одржува под покровителство на градот Сплит.

На оваа Смотра на културното творештво на националните малцинства на Град Сплит, која ја организира Координацијата на советите и претставниците на националните малцинства на Град Сплит, настапија претставници на српското, словенечкото, македонското, унгарското и бошњачкото национално малцинство кои со двочасовна програма со песни и ора ја исполнија салата. Настапија членовите на Културното друштво на Бошњаците „Препород“, хорот „Севдах“, фолклорната група „Чардаш“, детската група „Бобита“, НМКЦ со пејачката група „Виола“, пејачката група на МКД „Македонија“, фолклорната група „Македонија“, квартетот на мандолини „Клинци-мандолинци“ од МКД „Македонија“, мешаната пејачка група на СКД „Триглав“ и пејачката група на СКД „Просвета“ од Сплит.

Биљана Митревски

# Во слава на Исусовото раѓање



*Живко Богески повторно претседател на МПЦО „Св. Наум Охридски“*

На 7 јануари 2015 година, припадниците на македонското национално малцинство во Град Сплит се собраа во црквата „Госпе од Анчела“ во Сплит на свечената литургија која ја богослужеше свештеникот на МПЦ во Р. Хрватска, протојерејот Кирко Велински, кој за оваа прилика допатува од Загреб. Во својата проповед, отецот Велински укажа на значењето на овој ден за сите христијани и ги повика сите присутни на заедништво и мир помеѓу себе. Посебно нагласи дека го радува сè поголемото присуство на верниците од Сплит, како и на присуството на помладите Македонци кои го имаат избрано Сплит и околината за место на своето живеење.

Посебно задоволство и благодарност му укажа на градоначалникот на Град Сплит, Иво Балдасар, кој заедно со својата сопруга и со шефот на кабинетот на Град Сплит, Драго Давидовиќ, присуствуваше на свечената литургија по повод Христовото раѓање. На крајот, со посебно задоволство за донацијата што ја даде Град Сплит за изградба на првата македонска црква „Св. Злата Мегленска“ во Загреб, на градоначалникот Балдасар му врачи ДВД со снименото свечено полагање на камен темелникот на оваа црква, за долг спомен на овој голем чин за сите Македонци во Република Хрватска.

По свечената литургија членовите на МПЦО „Св. Наум Охридски“ во просториите на МПЦО го одржаа своето редовно Изборно собрание на кое повторно за претседател на МПЦО „Св.Наум Охридски“ беше избран Живко Богески. За потпретседател е избран младиот Александар Ивановски, а за секретар е избрана Марта Жаја. Избран е и нов Управен одбор на МПЦО „Св. Наум Охридски“. По работниот дел, во просториите се одржа свечениот дел од прославата на Божиќ со присуство на многу македонски верници и нивни пријатели меѓу кои беа и сплитскиот градоначалник и неговата сопруга, кои останаа во пријателска атмосфера до касно со своите сограѓани кои имаат поинаква вероисповед и култура.

Биљана Митревски

# Најголема предност на Македонија се луѓето

*Моника Радиќ е студент на петта година на Одделот за етнологија и културна антропологија на Задарскиот универзитет. Ја интересираат историјата на Македонија и обичаите кои се карактеристични за оваа земја. Со колегата Горан Леденчан се во постојан контакт со македонските колеги и случувањата во Македонија не престануваат да ги инспирираат.*



Моника Радиќ и Горан Леденчан одржаа трибина во МКД „Билјана“, на 17. декември, на тема „Македонија 2014: етнолошки и географски аспекти“, на која зборуваа за моменталната ситуација во Македонија, односот на Македонците кон актуелните проблематики, македонско-албанските односи и слични теми. Настанот беше организиран од страна на МКД „Билјана“ во соработка со Заедницата на Македонците во Хрватска. Дискусијата која ја поттикнаа кај присутните навистина беше интересна, а еве што Моника ни откри во нашиот разговор во врска со фасцинацијата со Македонија.

**Ова е веќе втора трибина која што ти со колегата Леденчан ја одржувате на тема Македонија. Зошто Македонија толку те фасцинира?**

Во рамките на теренската настава на Одделот за етнологија и културна антропологија, 2012 година колегата Леденчан замина во Скопје. За тој ист терен се спремав и јас, но заради непредвидливи ситуации морав да се откажам. Но, откажувајќи се од таа теренска настава не се откажав и од соработката со Македонците. Кога колегата се врати од пат, беше воодушевен од Македонија и нејзините граѓани, а таа емоција ја пренесе и кај мене. Кога дознавме за МКД „Билјана“ одлучивме да го посетиме Друштвото и да видиме дали ние како етнолози можеме да допринесеме за популаризација на ова друштво и сè што е македонско во Хрватска. Срдечноста на луѓето која нè дочека (и која нè дочекува секогаш кога доаѓаме) нè привлече и нè поттикна на нови посети, а малку по малку и за соработка која резултираше со две трибини. Подготвувајќи ги трибините, уште поубаво ја запознав Македонија, нејзините луѓе и проблемите со кои се соочува. Оваа година и јас го посетив Скопје и се воодушевив од луѓето, храната, ноќниот живот...

## Богатство

**Ни зборувавте за географските и за етнолошките аспекти на Македонија, сметаш ли дека Македонците ја познаваат својата држава доволно во таа смисла и свесни ли се за богатствата на својата земја?**

Подготвувајќи се за овогодишната трибина, се впуштивме во проучување на еден деликатен проблем. Малку е невнимателно да се каже дека еден народ не ја познава доволно својата држава, можеби е поприкладено да се каже дека не е свесен за богатството што го има. Сметам дека се фокусираат на некои минливи работи (како проектот „Скопје 2014“), а поголемо внимание би требале да обрнат на други туристички атракции (природните убавини, храната, народните обичаи коишто се карактеристични за тоа подрачје).

**Која е најголема предност на Македонија, што Македонците треба да ја препознаат како свој бренд?**

Најголема предност на Македонија се луѓето. Луѓе кои со одушевување ги дочекуваат своите туристи. Иако не престојував долго во Скопје, можев да забележам дека никој не ме гледаше чудно, напротив луѓето

се насмеани и љубезно одговараат на прашањата на странците. Освен тоа, храната и виното се навистина нешто феноменално. Мислам дека фокусот треба повеќе да биде на овие работи бидејќи, турист кој ќе го посети Скопје заради споменициите (а тоа сигурно ќе се случува, бидејќи целиот тој проект ја разбуди љубопитноста кај луѓето), каква и слика да добие, нема заради тие исти споменици да се врати во Скопје. Споменициите не се менуваат и како што и ние сами не би оделе негде повеќе пати за да видиме исти работи, така размислуваат и другите луѓе. Но заради храната, ноќниот живот, чаршијата и други работи, туристите сигурно ќе се вратат и секој пат ќе видат и пробаат нешто ново.

## Храна, вино, природни убавини

**Какви емоции и размислувања буди кај тебе проектот „Скопје 2014“?**

Проектот „Скопје 2014“ во мене буди поделени размислувања. Од една страна ја разбирам потребата за докажување и сфаќам дека со тоа се сакало да се покаже историјата и традицијата на македонскиот народ. Но, од друга страна, мислам дека целиот проект е некако невешто изведен и дека остава погрешна слика за Македонија во очите на оние кои не ја познаваат доволно нејзината историја. И јас лично останав шокирана и збунета кога ги видов сите тие споменици.

**Зашто секој странец би требал да ја посети Македонија?**

Секој странец треба да ја посети Македонија заради, како што претходно реков, луѓето, храната... Секако, доколку се посети Македонија, мора да се проба македонското вино и да се посетат природните убавини кои Македонија ги поседува. На мене посебен впечаток остави Охридско Езеро кое е прекрасно.

Елена Кипровска Кнежиќ

# Вечер на сите секции



На 23 декември МКД „Билјана“ организираше една од своите традиционални манифестации „Вечер на сите секции“. На оваа вечер секциите кои се дел од Друштвото се претставија со своите дела кои ја одбележаа 2014 година. Членовите на литературната секција читаа поезија од збирките издадени во рамките на Заедницата на Македонците во Р. Хрватска. Секако, поезијата секогаш буди интерес кај присутните, а овде стана збор за онаа поврзана со Македонија и главниот град Скопје. Сепак, оваа вечер се рецитираа најмногу песни од Кочо Рацин, препознатлив македонски бренд, кој ги поврзува Македонија и Хрватска.

Членовите на етно секцијата кои и оваа година вредно работеа на своите рачни изработки ги изложија своите дела и накратко објаснија за што се работи за оние кои не беа добро упатени во нивната работа. Цртежите на стакло, рачно изработените ѓердани и декорациите со македонски мотиви предизвикаа восхит кај присутните. Водителот на етно секцијата Драган Јакимовски вети дека и следната година ќе се трудат да бидат оригинални и успешни во она што го работат, а оние кои не се дел од оваа секција побараа да се вклучат во оваа интересна работилница. Музичко-инструменталната секција, пак, изненади со нов сплет на македонски народни песни. Секогаш спремни за песна, овој пат членовите пееја песни со весели мелодии како „Не си го продавај Кољо чифликот“, „Брала мома капини“ и други. Освен забавниот дел, членовите на секциите и членовите на Друштвото дискутираа и разменуваа идеи за тоа во кој правец би требало да продолжи нивната работа од следната година како и за програмите во кои би можеле да ги претставуваат своите дела. Оваа вечер, не само што секциите на МКД „Билјана“ ги претставија своите дела, туку се славеше и крајот на 2014 година и почетокот на новата. Како и секоја слава кај Македонците од Задар и ова не можеше да помине без македонско вино и македонски специјалитети подготвени од вредните раце на членовите на Друштвото. Со богата македонска трпеза и македонска песна МКД „Билјана“ ја испрати старата година.

Елена Кипровска Кнежиќ

# Традиционална македонска вечер

*Од традицијата не се бега, па така Македонците од Задар и оваа година, држејќи се до ова мото, ја организираа незаборавната традиционална Македонска вечер, вечер на песни, поезија и фолклор*



Вечерта, која со години наназад е задолжителен дел од програмата на МКД „Билјана“ беше во целост финансиски поддржана од претставникот на малцинството на Македонците во Задарската жупанија, а организирана од Управниот одбор на МКД „Билјана“.

Вечерта се одржа на 5 декември во задарскиот ресторан „Баскет“ во атмосфера којашто беше повеќе од одлична. Се служеше традиционална македонска храна за чиј квалитет веќе долги години се грижат Драган Јакимовски, Надица Жампера и претседателката на Друштвото, Мирјана Мајиќ. Македонските специјалитети ги вратија присутните во својата татковина, а македонската баклава и кадаиф потсетија на изобилството од вкусови што ја красат македонската кујна. Меѓу присутните секако не беа само Македонци. Како и секоја година до сега, со своето присуство вечерта ја збогатија потпретседателот на Советот за националните малцинства на РХ, Веселко Чакиќ, претставникот на Друштвото на Арбанасите од Задар, Енио Грдовиќ, претставникот на Бошњаците како и претставникот на Црногорците од Задар. Присутни беа и гости од МКД „Македонија“ од Сплит кои дополнително ја загреаја атмосферата. Македонската вечер во Задар со текот на годините изгради своевиден бренд, па ја посетуваат и луѓе кои немаат посебна поврзаност со Македонија.

## Прекрасно дружење

Она што ја збогати вечерта беше секако и настапот на водителот на музичко-инструменталната секција на МКД „Билјана“, Иван Андријевиќ, кој изведе прекрасен сплет од македонски традиционални песни и ги воодушеви гостите уште на самиот почеток. Секако, за врелата атмосфера беше и овој пат задолжена Олга Барбир од Сплит која е препознатлива по одличниот репертоар на којшто никој не останува рамнодушен. Присутните на почетокот имаа прилика да уживаат во посмирените македонски нумери додека траеше самата вечера, а веднаш по неа, не изостанаа и македонските ора кои беа кулминација на вечерта. Прекрасна беше сликата да се види како Македонци, Срби, Бошњаци, Црногорци и Хрвати од сите делови на Хрватска заедно играат македонско оро. Меѓу највеселите гости беа припадници на Друштвото на Славонците кои скоро секоја година ја посетуваат оваа манифестација поради добрата забава и македонската храна и вино, а и како што самите тие велат, поради сличноста во менталитетот меѓу Македонците и Славонците. Оние кои немале можност да се сретнат со неа, се воодушевија од македонската мастика за која велат дека е најнеобичната ракија која досега ја пробале, и би требало повеќе да се промовира. На вечерта беа присутни и новинари од задарската телевизија „VOX“, кои освен што ја забележаа веселата атмосфера која владееше во ресторанот, направија и интервју со претседателката на МКД „Билјана“ во врска со манифестацијата и останатите активности на Македонците во Задар. Со некои од гостите поразговараа за важноста на одржувањето на вечери од овој тип. Оваа вечер на песни, поезија и фолклор и оваа година успеа во својата цел, да ги собере сите Македонци од Задарската жупанија и околината, на македонски автентичен начин да им пружи забава на гостите, да ги потсети на македонските звуци и да ги сплоти со песна.

Елена Кипровска Кнежиќ



# Книжевност, филм, музика, етнологија...

Во МКД *Илинден* во Риека, на 6 ноември свечено беа отворени годинашниве *Денови на македонската култура*. Книжевната вечер во соработка со Хрватското книжевно друштво е дел од програмата на традиционалниот Седми меѓународен книжевен фестивал *Денови на пријателите на книгата*. На него зедоа учество стотина автори од десетина земји, а меѓу нив посебно треба да се одбележат настапите и признанијата што ги освоија авторите од Република Македонија. Манифестацијата со неколку македонски песни ја отвори пејачката група на МКД, по што следуваше промоција на поетскиот зборник *Од еден до друг брег*. Станува збор за двојазично издание во кое се застапени по четиринаесет македонски и хрватски автори. За изданието говореа проф. д-р Васил Тоциновски, Петко Шипинкаровски, Мерсиха Исмајловска и Валерио Орлиќ. Потоа беа промовирани стихозбирката *Ода за Орфеј* од Снежана Алексиќ Станојловиќ, македонска авторка која што живее и создава во Нови Сад, а пишува на македонски и на српски јазик и книгата раскази *Куќички* од Марина Мијаковска. Почесниот претседател на Хрватското книжевно друштво во Риека Орлиќ врачи дипломи за МКД *Илинден* и за Илија Христодулов, претседател на МКД и на Заедницата на Македонците во Република Хрватска за повеќегодишната успешна соработка.




## Признанија

Во големата сала на Градското собрание на Риека, на 7 ноември вечерта, беа соопштени и врачени годишните награди и призанија на ХКД. Свеченоста почна и беше под знакот на македонската културна традиција. Фолклорната група на *Илинден* ја воодушеви публиката која што го исполни салонот до последно место и им се придружи во изведбата *Елено ќерко* еден од македонските песнопојни бисери. Првиот портрет му беше посветен на Васил Тоциновски, добитник на наградата за севкупен книжевен опус, која како што истакна во својата промотвина реч Ерние Гиганте Дешковиќ, претседател на Хрватското книжевно друштво е всушност признание за животно дело. За личноста и делото на наградениот автор говореше и проф. д-р Горан Калоѓера, почесен конзул на Р Македонија во Р Хрватска. За збирката раскази *Pobijednici* Тоциновски ја доби и наградата за најдобра книга за деца и млади. Наградата за најдобар превод на годината му припадна на Петко Шипинкаровски од Струга, за препевите од хрватски на македонски јазик во книгата *Од еден до друг брег*, а за неа пак признанието за најдобар уредник го доби Тоде Илиевски од Охрид.

Деновите на македонската култура во Риека со бројни приредби од областа на книжевноста, филмот, музиката, ликовната уметност, етнологијата, настапот на најмладите членови на МКД *Илинден*, се одвиваа до крајот на годината. Програмата се остварува со поддршка на Советот за национални малцинства на Владата на Република Хрватска, Приморско-горанската жупанија, градот Риека и со несебичните заложби на многубројни поединци.

## Етно изложба

на 6 декември беше отворена традиционалната *Етно изложба*, која постојано ги привлекува љубопитството и интересот на бројните посетители. Народните носии од различни краишта на Македонија, везовите и многубројните домашни ракотворби, потоа предмети од домакинството се само исечок од материјалното богатство на секој народ. Тие се дел од историјата и опстојбата, и моќни аргументи за посебноста и непокорот на македонствувањето.

Вечерта на македонската песна, пак се одржа на 14 декември и привлече голем број на посетители. Радува податокот што секоја година има нови и млади изведувачи на прекрасните македонски песни. Невозможно е нешто посебно да се одвои и истакне. Песната е рај за душата и лек за срцето, вели Ванчо Милчов. А тоа на најубав начин го потврдија настапите на Славица Чомов, Наталија Лековска, Сара Ѓурѓевиќ, најмладите учесници дуетот Сара Таневска и Лука Ѓурѓевиќ Здраве Зафиров, Ванчо Милчов, Александра Пилчиќ, Стојанка Ившиќ, Магда Динев, Ивона Дуноски Митев, Марјан Митев и Јуре Ружиќ.

Васил Тоциновски

## Промоција на „Македонски теми без дилеми“ („Makedonske teme bez dileme“)



На 3 декември 2014 година во МКД *Илинден* во Риека се одржа промоција на новата книга на проф. д-р Горан Калоѓера *Македонски теми без дилеми (Makedonske teme bez dileme)*. Промотори беа Ива Чрњар и проф. Васил Тоциновски. Новиот труд на Калоѓера го составуваат книжевно историски и есеистички текстови кои што се занимаваат со повеќе актуелни прашања од традицијата и континуитетот на македонската книжевност од 19. век до денешни дни за кои не постојат дилеми, како што посочува и насловот, зашто авторот секогаш има конкретни ставови и оценки. Воведната студија ги анализира и вреднува македонските истражувачи на противречниот и плодотворен 19. век меѓу кои посебно место и значење имаат Харалампие Поленаковиќ, Блаже Конески и Гане Тодоровски, кому авторот му посветува и посебен текст како познавач и афирматор на хрватската книжевност. Да ги спомeнеме и горливите прашања за трагичното погубување на Кочо Рацин, за незастапената македонска литература во историјата на Антун Барац, за Мирослав Крлежа и неговите три престојувања во Македонија. Како со темите, така и со негуваниот и лесен стил и убав јазик книгата на Калоѓера е вредно четиво за поширок круг на читателска публика.

В. Т.

## Предавање за ранохристијанските реликвии во Македонија

На Филозофскиот факултет во Риека на 7 ноември проф. д-р Снежана Филипова од Филозофскиот факултет при Универзитетот *Св. Кирил и Методиј* во Скопје, одржа предавање за ранохристијанските реликвии во Македонија. Станува збор за простор на кој со столетија опстанале најразлични култури и цивилизации што оставиле трајни траги. Оттука Македонија денеска е големо археолошко богатство што постојано нуди нови сознанија за цивилизацијата. Меѓу нив секако посебно место и значење имаат ранохристијанските реликвии кои поточно ги одредуваат посебностите и карактеристиките на секоја народност и култура кои ги испишуваат традицијата и континуитетот на духовното и на материјалното богатство. Тоа се своевидни страници на идентификација за постоењето и самобитноста на Македонија кои ги заокружуваат нејзината историја и непокор.

В. Т.

## Поетски фестивал на малцинствата

Годинашниов, осми по ред, *Фестивал на поезијата на националните малцинства* во Приморско-горанската жупанија се одржа на 22 ноември. Организатор и домаќин е Демократската заедница на Унгарците во Хрватска, поточно нејзиното Друштво во Риека. Програмата ја водеше претседателката, поетесата Ева Виола. Секој автор настапи со по две песни на својот мајчин и на хрватски јазик. Поетите имаат еден заеднички и насекаде разбирлив јазик. Стиховите говорени на унгарски, македонски, српски, италијански, словенечки и црногорски потврдија оти творците се оние кои постојано градат нови мостови на пријателство, доверба и соработка меѓу народите и државите. Годинава честа да го отвори фестивалот му припадна на Васил Тоциновски, член на МКД *Илинден* од Риека. Манифестацијата се одржува со финансиска поддршка од Советот за националните малцинства на Република Хрватска.

В. Т.

## Детски работилници



Учениците од Основното училиште *Центар* во Риека кои посетуваат изборна настава по македонски јазик и годинава беа носители на детските работилници. Во пресрет на божиќните и новогодишните празници тие се одржаа на 10 и на 12 декември во рамките на *Деновите на македонската култура* на МКД *Илинден*. Вредните и вешти детски раце од најразлични материјали, со ножичките и со други помошни алатки, создаваа убави и вредни украсни предмети и форми како препознатливи знакови на големите празнични одбележувања. А тие на најдобар начин ги потврдуваат нивната креативност и приврзаноста кон традицијата и континуитетот што со себе во новата татковина ја донеле нивните родители Македонци. Пофалби и благодарност за водителките на работилниците Наталија Лековска, наставник од ОУ *Центар* и Ана Азеска, лекторка на Филозофскиот факултет.

В. Т.

# Езерки и 7/8 со концертна промоција во Лисински



Вистинско уживање беше да се биде присутен во загрепската концертна сала „Ватрослав Лисински“ на 7 ноември 2014 година, каде популарниот етно состав, вокалната група „Езерки“ и оркестарот „7/8“ со феноменален концерт под назив *„Macedonia forever“* ја прославија јубилејната 20-годишнина од постоењето на Хрватско-македонското друштво. Ова воедно беше и концертна промоција на нивниот нов албум *„АМФТЕАТАR“* во издание на дискографската куќа *Далас рекордс*.

Прекрасните трогласни пејачки гласови и виртуозниот оркестар под водство на харизматичниот виолинист Бруно Урлиќ, на присутните им даруваа коктел од македонски традиционални ритми, носталгични мелодии и инструментални ора, односно успешна комбинација на изворна музика со современи аранжмани. Гости на вечерта беа далматинската клапа *Свети Флоријан*, цез гитаристот Дамир Кукурузовиќ и легендарниот словеначки кантавтор Зоран Предин.

Инаку, петтиот албум на „Езерки“ и „7/8“ *„АМФТЕАТАR“* содржи 11 песни. Продукцијата ја потпишува нивниот уметнички директор Бруно Урлиќ, а на албумот освен споменатите, гостуваат и Матија Дедиќ и пејачката на бендот *Мави Кан*, Сакин Модроња. Него го следи и краткиот документарен филм *„Macedonia forever“* од познатиот режисер Матко Петриќ во кој е прикажана овогодишната турнеја на „Езерки“ и „7/8“ по Македонија.





На задоволство на публиката, соло настапи на концертот имаа и членката на „Езерки“, Лилјана Преволшек и членот на „7/8“, Сафиудин Алимоски. *Зајди зајди јасно сонце*, *Јовано, Јованке*, *Море сокол пие*, *Јане Сандански*, *Велигденското оро* и другите бисери на македонската музика ја креваа на нозе публиката во полната сала кои по двочасовниот концерт ги враќаа македонските музички амбасадори и на бис. А на бис, се подразбира, *Македонско девојче*, и целата сала пееше во еден глас. Одличен концерт, прекрасна забава и незаборавна вечер што се доживува во еден здив.

Е. Петровска

# Адвентска бајка на Зрињевац

Загрепскиот парк Зрињевац и оваа година по четврти пат на загрепчаните им подари магична адвентска бајка по повод божикните и новогодишните празници. Проектот *Адвент на Зрињевац* го организираа Туристичката заедница на Град Загреб и „Катапулт промоција“. Од 29 ноември 2014 до 1 јануари 2015 година посетителите можеа да уживаат во прекрасниот декоративен изглед на паркот, во разните сувенири, украси и традиционалните и егзотични делиции што се нудеа на 40-тина штандови, како и во богатата музичка програма на божиќни песни, валцери, евергрини и настапи на мноштво бендови.

Посебно место во музичката програма заземаа шансоните. По повод 50-годишнината на првите загрепски вечери на шансони, од 8 до 12 декември се одржа манифестацијата *Шансони на Зрињевац* на која што настапија најголемите имиња како што се Ибрица Јусиќ, Хрвоје Хегедушиќ, Јасна Билушиќ и нашата позната шансониерка Костадинка Велковска, која на 10 декември во придружба на композиторот Тони Етеровиќ, со изведбата на преубавите безвремени шансони на посетителите им приреди незаборавна романтична вечер.

Е. П.



# Рождество Христово – Божик





Рождеството Христово – Божик побожно и достоинствено беше прославен во македонските православни црковни општини во Република Хрватска. Управниот одбор на МПЦО Св. Злата Мегленска – Загреб, за најмладите кои најмногу му се радуваат на Богомладенецот им подари соодветни божикни подароци.

По богослужбата, откако ја прочита посланицата од Неговото Блаженство Архиепископот Охридски и Македонски г. г. Стефан со членовите на Светиот Архиерејски Синод на МПЦ – ОА, парохискиот свештеник им се обрати на верниците, почитувачите и пријателите на Македонската православна црква во Република Хрватска со зборовите:

Браќа и сестри, 2014 година ќе биде запишана со светли букви во нашата црковна и национална историја. Поставивме камен темелник за наша прва македонска православна црква во Загреб, Р. Хрватска. Ве повикувам сите да плаќаме, да донираме, за да се вградиме и да ја изградиме и само делата ќе зборуваат колку, кој припаѓа и кој ја почитува. И да не прашуваме кога ќе биде готова! Туку да се прашаме: Што можам јас да направам?

Донациите можете да ги плаќате на: **MPCO „Sv. Zlata Meglenska“ Našička 6, 10000 Zagreb, Ž.R. HR4023600001101569965, соназнака „Za izgradba na MPC vo Zagreb“**.

На Светата Литургија, верниците кои со претходна духовна и телесна подготовка го исчекуваа раѓањето на Витлеемскиот Богомладенец се причестија.

Христос се роди! Навистина се роди!

отец Кирко Велински, протојереј

# Празник на љубовта, мирот и радоста

Свети Тихон Задонски, значењето на следниве стихови од Светото писмо: „...зашто денеска ви се роди во градот Давидов Спасител...“ (Лк. 2, 11), ги доживеал многу лично и затоа на едно место, вака запишал:

„Чуј, душо моја: Бог дојде кај нас; нашиот Господ нè посети; поради мене Тој се роди од Дева Марија, Тој, Кој е роден од Отца пред сите векови; поради мене, Тој беше повиен во пелени, Тој, Кој ги покрива небесата со облаци и се облекува во светла облека; поради мене, Тој беше положен понизно во јасли, Тој, чиј трон се небесата и чии нозе се потпираат на земјата; поради мене Тој се хранеше со мајчино млеко, Тој, Кој ги храни сите созданија; поради мене, Тој беше држен во мајчини прегратки, Тој, Кој е носен од херувими и ги држи сите творенија во Своите прегратки.“

Радосната вест за воплотувањето на Спасителот ни се објави и нам, во нашата црковна општина „Свети Јоаким Осоговски“ – Пула, па така, празникот на Рождеството Христово беше прославен радосно и достоинствено.



Отец Васил Пецуровски откако ја прочита посланицата на верниците им се обрати со зборовите: „Божик е празник на љубовта, мирот и радоста. Сите тие дарови, Воплотениот Син Божји изобилно ни ги изли на празникот на Неговото Рождество, а тие, пак, нека ни бидат поткрепа во верата, надежта и љубовта во текот на Новото Лето Господово и постојано.“

о. К. В.

# Света миса задушница

Македонската православна црковна општина *Св. цар Константин и царица Елена*, на 1 ноември во црквата *Св. Фабијан и Себастијан* во Стариот град на Риека, одржа света миса задушница. Мисата ја предводеше протоерej Кирко Велински, парохиски свештеник на Македонската православна црква во Република Хрватска. Како што се изразуваат почитта и љубовта кон своите блиски и сакани, така овој празник е потсетување за оние наши родини и пријатели кои заминале на оној свет. Молитвата се проследува со запалена свеќа. Лебот и виното се симболи на Христовото воскреснување, а во подготвување на пченицата содржани се верувањето и пожелбата оти она што ќе се посее ќе даде нов род. Тоа е таа верба во посреќната утрешнина. Световните празници во традицијата на секој народ се израз на неговото духовно богатство, на неговиот национален и верски идентитет, на бескрајните љубов и добрина кои катадневно се негуваат кон човекот и животот.

В.Т.



# Одбележување на Св. Никола

Денот на големиот заштитник Свети Никола и годинава свечено беше одбележан во МКД *Илинден* во Риека. На 17 декември 2014 година се одржа традиционалната детска претстава со драмски сцени и стихотворби на учениците кои посетуваат изборна настава по македонски јазик во Основното училиште *Центар*. Пофалби за наставничката Наталија Лековска. Нивни гости беа членовите на културно уметничкото друштво „Звир Јелење“. Наредната вечер, на 18 декември во црквата *Свети Фабијан и Себастијан* во Стариот Град се одржа богослужба за Св. Никола. Литургијата ја предводеше протојереј Кирко Велински, парохиски свештеник на Македонската православна црква во Република Хрватска.

В. Т.

# Македонски обичаи за Бадник



Иако Македонците во Хрватска живеат во католичка земја која на различен датум и начин ги прославува христијанските празници за разлика од припадниците на православната вера, тие ни оваа година не заборавија во кругот на своите најблиски да си ги прослават празниците како да се во својата татковина Македонија. МКД „Билјана“ на 6 јануари 2015 година со своите членови организираше Бадник во духот на православието. Претседателката на МКД „Билјана“ имаше полна кошница овошје и бонбони за своите коледари, односно гостите кои присуствуваа на прославата. Се запеа коледарската песна баш како што тоа го прават најмладите во Македонија по што секој доби подароци во својата торба, а на вечерата не изостана ни бадниковото гранче кое традиционално се гори на Бадниковата вечер.

Пред полната трпеза со посни специјалитети Мирјана Мајиќ зборуваше за значењето на Бадник и начинот на којшто тој со децении се прославува кај македонскиот народ. Кршењето на бадниковата погача во која се крие паричката го отсликува духот на сплотеноста, па така околу трпезата во МКД „Билјана“ се собраа сите присутни да ја вртат прекрасната погача подготвена од Мирјана Мајиќ и да си ја пробаат среќата. Оваа година среќата да ја пронајде паричката во погачата ја имаше Шиме Жампера па сите му честитаа на прекрасната година која го очекува според верувањата дека паричката ќе му донесе многу среќа и бериќет. Присутните уживаа во македонската трпеза со традиционални македонски пити, салати и посни слатки. Македонците од Задар уште еднаш докажаа дека не ги заборавиле своите обичаи и македонската традиција која ја носат во себе иако долги години живеат надвор од Македонија.

Е. К. К.

# Новогодишни подароци за најмладите

## Загреб



Новогодишните и божиќните празници се убав период за дарување, а посебна традиција е дарувањето на новогодишните пакетчиња. Тоа за децата има големо значење, буди посебно чувство и пријатно изненадување на кое со сигурност ќе се сеќаваат сè до наредна година. Во пресрет на овогодишните празници, Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб на учениците од изборната настава по македонски јазик и култура при ОУ „Никола Тесла“ во Загреб, на последниот час што се одржа на 20 декември им додели новогодишни подароци.

- Денес дојдовме да ви ги честитаме претстојните празници и да ви посакаме многу здравје, среќа и успех во учењето, ги израдува децата претседателот на Советот, Томе Апостолоски, и заедно со своите соработници Лазар Тошанов, Лилјана Грујоска и Марика Абрамовиќ им ги подели новогодишните подароци посакувајќи им ним и на нивните родители среќа во новата 2015 година. Во декоративните и богати пакетчиња се наоѓаа и двете најнови книги во издание на Советот, *Хрватско-македонскиот разговорен прирачник* и *Македонските раскази за деца*.

## Осиек

**Пакетчиња за децата, мала донација за Црквата во Загреб.** Отец Кирко Велински пред Божик радосно ги изненади најмалите членови на МКД „Браќа Миладиновци“ во Осиек: дојде во посета како најубав Дедо Мраз со торба полна дарови!



Посетата на о. Кирко беше за Св. Никола, на 20 декември, а Друштвото ја искористи не само да го угости добриот гостин, туку и да собере мала донација за нашата Црква во Загреб.

Отец Кирко ја благослови трпезата со македонски специјалитети, нашето Друштво и сите наши членови и се заблагодари топло на дарот кој ќе го понесе во Загреб. „Ова е мал дар, ама од срце“, рече во таа пригода претседателот на МКД „Браќа Миладиновци“ Борис Трајановски.

Во таа пригода децата му се заблагодарија на о. Кирко со својот настап, со песнички и рецитации, весело и распеано, онака како што и прилега!

## Задар



**Дедо Мраз во МКД „Билјана“-** Дечињата кои се дел од МКД „Билјана“ на 20 декември 2014 година имаа прекрасно попладне исполнето со среќа и насмевки кога Дедо Мраз одлучи да ги посети во Друштвото. Како и секоја година, Дедо Мраз не заборави на најмладите и оваа година им подари пакетчиња полни љубов. За нив специјално беше организирана забава во просториите на Друштвото каде се пееја детски новогодишни песнички, а шарените декорации и балони мамеа насмевки кај дечињата. За да добијат подарок тие рецитираа песнички кои ги научиле на училиште и кажаа со што оваа година заслужиле Дедо Мраз да ги израдува. Посебна радост кај нив предизвикаа колачињата во различни новогодишни форми, а секое од нив доби шанса да се слика со Дедо Мраз покрај новогодишната елка. И оваа година на оние кои уживаа не беа само младите, туку имаше нешто и за постарите членови. Покрај полната трпеза и разиграните дечиња, забавата беше одлична.

## Сплит

**Вообичаен дочек на Дедо Мраз.** Оваа година по деветти пат Дедо Мраз тргна од Северниот пол кон македонското културно друштво во Сплит каде што го дочекаа нестрпливите мали припадници на македонското национално малцинство од Сплит со нивните родители, баби и дедовци. За веселата атмосфера на дочекот на најмилиот „Дедо“ се потруди и членот на оркестарот на МКД „Македонија“, Марко Лисичар кој ја превзема улогата на диск-џокеј на „Дедо Мраз“. „Дедото“ со црвен костум и бела брада, како и секоја година со полна торба дарови се појави пред најмладите припадници на македонското национално малцинство во просториите на МКД „Македонија“ и на воодушевување на истите за секого од нив имаше подготвено по еден пакет. Пред да ги подели даровите, заигра едно мало „оро“ околу елката која стоеше во средината на големата просторија. Потоа со заедничко сликање на секое дете му врачи новогодишно пакетче полно со бонбони, чоколади, понекоја играчка и пред се полно со најубави желби за среќа и радост во Новата 2015. година.

Е. П.- Ј.Т .- Е.К.К. - Б.М.

## „Приоднес на Македонците во Татковинската војна на Хрватска"



**Загреб** - Во организација на МКД „Охридски бисер" од Загреб и Заедницата на Македонците во РХ, во просториите на Друштвото на 16 декември 2014 година се одржаа *Деновите на македонскиот филм*. Манифестацијата ја опфати проекцијата на документарниот филм *Придонес на Македонците во Татковинската војна на Хрватска*, кој е реализиран од страна на Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб, со покровителство на министерот на бранителите на РХ, Предраг Матиќ и градоначалникот на Загреб, Милан Бандиќ. Воведниот збор го даде претседателот на Друштвото, Благој Штерјов, најавувајќи ја последната овогодишна манифестација и посакувајќи им на присутните пријатно дружење.

По проекцијата на филмот следеше трибината на тема *Македонија 2014: Промени со проектот „Скопје 2014"*, на која говореше проф. Ивана Лазаревска. Освен опишувањето на новините кои се дел од сегашниот лик на Скопје, се зборуваше и за тоа како Македонците во Хрватска го доживуваат соединувањето на неговиот нов и стар изглед. Со оглед на тоа дека меѓу присутните имаше членови на Друштвото и пријатели на Македонија кои одамна или воопшто досега не го посетиле, дискусијата на трибината се заокружи со спротивни ставови за проектот, но со единствена желба за организирана посета на главниот град на Македонија.

Со овие културни манифестации поддржани од Советот за националните малцинства на РХ, за МКД „Охридски бисер" заврши годината која беше и повеќе од успешна, а веќе е испланирана и следната, со многу побогати програмски содржини.

Е. П.

## „Преку езерото" и „Фросина"



**Задар** - Во продолжението на манифестацијата „Денови на македонскиот филм" која МКД „Билјана" традиционално ја организира секоја година за своите членови и сите вљубеници во македонскиот филм, а која во првиот дел го понуди филмот „Придонес на Македонците во Татковинската војна на Хрватска", на присутните им овозможи и проекција на македонските филмови „Преку езерото" и „Фросина". За разлика од првиот дел на манифестацијата која се одржа во просториите на Научната библиотека во Задар, овој пат проекцијата се одржа на 10 декември во интимна атмосфера во просторот во кој дејствува МКД „Билјана".

Присутните имаа прилика да ги погледнат филмовите „Фросина", првиот македонски филм прикажан 1952 година во режија на Војислав Нановиќ кој говори за исклучително тешката судбина на една жена и нејзиното семејство, и „Преку езерото" на Антонио Митриќески од 1997 година, чие дејство се случува во Албанија, а третира една деликатна политичка тема со многу страдање и љубов. Вториот филм разбуди голема дискусија кај присутните за тогашните збиднувања и судбината на македонскиот народ, а потоа коментираа дека тоа е можеби најдобриот македонски филм којшто имале можност да го видат.

Е. К. К.

## „Балканкан" и „Прашина" пред риечката публика




*Сцена од филмот „Балканкан"*

**Риека** - Во традиционалните *Денови на македонската култура* во Риека на 25 ноември се одржа вечер на македонскиот филм. Воведен збор имаше проф. Васил Тоциновски. Историјата на седмата уметност во Македонија е поврзана со дејноста на браќата Манаки од Битола, првите сниматели на Балканот, и со првите кина во Македонија. Организираното филмско производство почнува по Втората светска војна со формирањето на *Вардар филм* чија што богата повеќедецениска играна и документарна продукција ја воставува и ја афирмира оваа уметност. Еден од нејзините најголеми успеси е дебитантскиот филм *Црно семе* на Кирил Ценевски, добитник на *Златната арена* на Фестивалот на југословенскиот филм во Пула. Со распаѓањето на Југославија згаснува и единствената македонска продуцентска куќа, но се јавуваат нови продукции и млади режисерски имиња. Меѓу нив посебно треба да се одбележи опусот на режисерот Милчо Манчевски. Како прво филмско остварување беше прикажан *Балканкан* на сценаристот и режисерот Дарко Митревски, а на 2 декември со внимание беше проследен филмот *Прашина* на Милчо Манчевски.

В. Т.

# ИМЕНКИ (СУПСТАНТИВИ)

Именките се зборови со кои се означуваат суштества (наставник, птица), предмети *(книга, чинија)*, појави и поими *(светлина, согледба)*.

Поимот за опредметеност е основен белег на именките.

По традиција именките се делат на **општи и сопствени**.

Именувањето на суштествата, предметите и појавите со заеднички, **општи** карактеристики се врши со општите именки. Со нив се означува:

- Одделен вид предмети, суштества и појави, како и еден претставник на истиот вид. На пример, со зборот клупа се означува секоја клупа воопшто, но и една конкретна клупа.
- Множество од еднородни предмети кои претставуваат целост, збир во кој не се изделува одделен предмет од збирот. Такви именки се на пример: население, мебел, членство. Со еднинска форма тие означуваат множество. Во граматиката се викаат **збирни** (колективни) именки.
- Материјал, состав: вода, злато, песок, шеќер и др. Тоа се **материјални** именки.

Именувањето на единечни (индивидуани предмети или суштества се врши со **сопствените** именки. Тие обично претставуваат:

- имиња на луѓе (но и нивни прекари, псевдоними и сл.): *Јана, Марко, Страчката, Тарзан*;
- географски имиња: Бистра, Пелагонија;
- празници: Божик, Велигден;
- имиња на институции: *Министерство за образование во Владата на Република Македонија*;
- имиња на објекти од различен вид: *Градежна организација „Гранит“, Текстилен комбинат „Тетекс“, Слаткарница „Крин“* и др.;
- имиња на уметнички дела: расказ(от) *„Лозје“*, роман(от) *„Пиреј“* и сл.

Именките можат да се разликуваат во однос на можноста/неможноста за **допир** на тоа што го именуваат.

**Конкретните** именки именуваат материјални предмети и суштества: *дете, лебед, мравка, песок, цвет.*

**Апстрактните** (мислените) именки именуваат нешто што не може да се допре, види и сл.: *вистина, штрина, тага, храброст.*



Марија Георгиева-Петриќ
судски преведувач за македонски јазик
(Според *Македонски јазик*, Просветно дело АД, Скопје, 2001)

Bekos
bez jezičnih prepreka...
АГЕНЦИЈА ЗА ПРЕВЕДУВАЊЕ ЗА СИТЕ ЈАЗИЦИ
URED SUDSKIH TUMAČA I PREVODITELJA ZA SVE JEZIKE
www.bekos.hr
Siget 18C/VI, Zagreb, Tel.: ++385 1 652 57 50, Fax: ++385 1 652 33 88, Mob: 091-572 33 88
Av. Dubrovnik 10, Zagreb, Zgrada Chemcolora, soba br. 111,
(pored općine Novi Zagreb), Mob: 095-871 87 16

20 godina sa Vama
AMPER SERVIS
Cvjetna 6, 10370 Dugo Selo Ispostava: Čulinečka 52, 10000 Zagreb
Instalacije inteligentnih sustava-pametne kuće
Automatizacija, upravljanje i nadzor instalacija u građevinama
Izrada tehničkih riješenja instalacija
*Elektroinstalacije jake i slabe struje *Centralno i podno grijanje *Ventilacija i klimatizacija *Vodovod i odvodnja *Gips kartonski radovi *Elektrostatički podovi *Automatska zaljevanja *Centralno usisavanje *PVC stolarija, inox i crna bravarija
Tel.: 01/2913-194, tel/fax. 01/2913-188, mob.: 0912230 077, 091 4771 777
E-mail:amper-servis@zg.t-com.hr
E-mail:amper-servis@zg.t-com.hr
Direktor : Jonče Ilievski

Ин мемориам

## Ацо Матијановски (1923- 2014)



На 11.12.2014 година, во 91-та година од својот живот нè напушти Ацо Матијановски. Тој беше еден од иницијаторите за создавање на македонско културно друштво во Задар и воедно еден од првите членови во истото. Сопруг и татко на син и ќерка, Матијановски и во своите поодминати години покажуваше голем интерес за случувањата во „Билјана" и во Македонија. Матијановски успеваше секогаш да ја развесели атмосферата каде што беше присутен, иако беше најстар член. МКД „Билјана" со големо жалење ја прими веста за неговата смрт и ѝ изразува големо сочувство на фамилијата. Ќе остане запаметен по ведриот дух и по македонските песни кои сакаше да ги пее.

Е. К. К.



## ЦЕНОВНИК ЗА ОБЈАВЕНИ РЕКЛАМИ ВО "МАКЕДОНСКИ ГЛАС"

Страниците на нашето списание "Македонски глас" отворени се и за Вашите реклами. Доколку сакате Вие и Вашата фирма да се рекламирате на нашите страници, доволно е само да се јавите на телефонот на Заедницата на Македонците во Р. Хрватска или испратите понуда на нејзината адреса, а ние од Уредништвото веднаш ќе ги исполниме Вашите желби. Ценовникот за користењето на рекламниот простор е:

| ФОРМАТ | ЦРНО-БЕЛО | КОЛОР |
|---|---|---|
| 1/1 A4 | 600 куни | 900 куни |
| 1/2 A4 | 450 куни | 600 куни |
| 1/3 A4 | 300 куни | 450 куни |
| 1/4 A4 | 225 куни | 300 куни |
| 1/8 A4 | 150 куни | 225 куни |

Во очекување на нашите взаемни контакти,
Ваш "Македонски глас"

## ПРЕТПЛАТА НА "МАКЕДОНСКИ ГЛАС"

Драги наши читатели,

Доколку Вие, кои редовно го читате нашето списание, сакате да станете негов претплатник и тоа редовно да пристига на Вашата адреса, Ви нудиме можност да го сторите тоа. Доволно е со писмо да се обратите на адресата на Заедницата на Македонците во Р. Хрватска, Масарикова 16/1, 10000 Загреб, во кое ќе ја приложите потврдата за Вашата платена претплата (жиро сметката на Заедницата е: PBZ – IBAN: HR6023400091100038804, матичниот број: 3805760, и личниот идентификациски број (OIB): 07739533563) и читко да го напишете Вашето име и адресата на која сакате да Ви пристига секој нов број на Македонски глас.

Претплатата на Македонски глас за Хрватска, со платена поштарина (за 6 броја), изнесува 60 куни годишно, додека пак за странство, 120 куни годишно или 17 евра.

Со надеж дека наскоро ќе ни се јавите,
искрени поздрави од
Уредништвото









# ПРЕКРАСНОТО ЕЗЕРО КОЗЈАК













На прашањето колку езера има во Република Македонија, повеќето туристи би одговориле три, во главно мислејќи на големите тектонски природни езера: Охридското, Преспанското и Дојранското. Но, вистината е дека Македонија всушност има околу 200 езера, од кои 70-тина се природни, а 120-тина се вештачки. Нивната намена е различна, се користат за производство на струја, за наводнување и водоснабдување, за заштита од поплави, за рибници, како и за туризам и рекреација.

Козјак е најголемото и најбогатото со риба вештачко езеро во Македонија. Сместено е во поречкиот крај помеѓу планината Сува Гора на запад и природниот резерват „Јасен" на исток, на околу 25 км низводно од устието на реката Треска во реката Вардар. Опколено е со бројни ридови и падини кои му даваат посебна убавина во сите годишни времиња, а водите на реката Треска кои го напојуваат, се вбројуваат меѓу најчистите води на Балканот. На надморска височина од неполни 300 м, со вкупна површина од 13,5 $км^2$ и капацитет од приближно 380 милиони $м^3$ вода, езерото е долго 32 км, длабоко е некаде и до 130 м, а максималното растојание од едниот до другиот брег изнесува 400 м. Основата на браната е 500 м, круната или врвот 310 м и акумулира 570 милиони $м^3$ вода. Максимална кота на езерото е 470 м.

Јужниот пристап кон езерото води од Македонски Брод и се протега по течението на реката Треска. Другиот пристап е од Скопје при што патот се протега под јужните падини на Водно. Браната со која е пресечено течението на реката Треска, е почната со изградба во 1994 г., а езерото е создадено во 2004 г., кога започнала со работа хидроцентралата со капацитет од 150 GW/h електрична енергија. На функционалноста и атрактивноста на езерото се надоврзува и изградбата на т.н. воден лифт, со којшто се регулира водостојот на водата во езерото. Оваа огромна инка служи за совладување на водите во најголемите дождовни периоди. Браната ги штити од поплави Скопје, Скопско Поле и сите зелени појаси по должината на реката Вардар. Водата се користи за хидроенергетски цели, но претставува и регулирана вода за низводните хидроцентрали како и вода за наводнување на Скопско Поле. Се смета дека Козјак ќе обезбедува вода за пиење и индустриска вода во наредните 100 години.

Често се врши и порибување на езерото. Од видовите на риби овде се среќаваат: поточна и виножитна пастрмка, крап, клен, скобуст, мрена, попадика, плашка, караш, гомнушка, кркушка и јагула. Козјак преставува атрактивна зона за рекреативен и спортски риболов преку целата година. Крај езерото се кријат и мноштво диви патеки кои се одлични за авантуристите кои сакаат да ги откриваат природните убавини. Во летниот период езерото е погодно за кампување. Неколку заливи се претворени во привлечни плажи за посетителите, додека во крајбрежните води пловат сплавови со ресторани. Идеална мамка за посета и духовно освежување на прекрасното езеро Козјак.

Е. Петровска